Секое утро **Утрински брифинг** на www.**slobodenpecat.mk** / www.**slobodna.tv**

# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918
9 771857 891004

## Николов

Без разлика на сè, јас и понатаму сум доктор на сите граѓани!



## Пановски

Зачудни мисли од зад затворени врати во зло време



макс. дозволено 50 µg/m3

Ново Село
64
µg/m3
PM 10

mojvozduh.eu

## Времето денеска

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 2 | 11 |
| Охрид | 1 | 5 |
| Битола | 1 | 6 |
| Маврово | -3 | 1 |

**СРЕДА 25 МАРТ 2020** | Број 1918 | Година VIII | **WWW. SLOBODENPECAT.MK** **15 денари**

**ЕУ формално одлучува за почетокот на преговорите**
Европскиот пат отворен за Македонија



страница 3

**Грозничава потрага по лекови против ковид-19**
Сумамед само на бел рецепт, седењето дома најдобар лек!




страница 4

### Коронавирусот ги затвори учениците дома

# Годината ќе заврши со учење на далечина

**Оптимизам** Од Министерството за образование и наука очекуваат училиштата и наставниците да сторат сè што можат и успешно да го спроведат далечинското учење и дека годината ќе биде успешна и покрај тешкотиите и предизвиците со кои се соочуваат сите.



**Интервју со Ана Глигорова**
Барам излез од пеколниот круг на бестијална наплата

страници 12-13



**Прогноза од кинески лекар**
Во Европа борбата со вирусот може да потрае до две години

страница 10




Фотографија **Слободен печат / Арбнора Мемети**

## Заострени мерките: Тинејџерите и пензионерите ќе може да шетаат во град во различни „смени“

# Хроника

Ги уверувам сите граѓани дека земјата е снабдена со прехранбени производи за наредниве неколку месеци. Ги повикам големите и малите трговци, како и производителите на прехранбени производи, да ги почитуваат одлуките од Владата за замрзнување на цените. Веќе е донесена предлог-одлука за замрзнување на цената на јужното овошје.

**Крешник Бектеши**, *министерот за економија*

**Епидемија** Коронавирусот ги затвори учениците дома

## Учебната година ќе заврши со учење на далечина

**Оптимизам** Од МОН очекуваат училиштата и наставниците да сторат сè што можат и успешно да го спроведат далечинското учење и дека годината ќе биде успешна и покрај тешкотиите и предизвиците со кои се соочуваат сите.

**Соња Христовска Угриновска**



Учебната година во никој случај нема да пропадне, а доколку вонредната состојба поради коронавирусот потрае до јуни, наставата до крајот ќе се одвива електронски, па соодветно на резултатите, наставниците ќе ги заклучат крајните оценки, информираат од Министерството за образование. Оттаму очекуваат училиштата и наставниците да сторат сè што можат успешно да го спроведат далечинското учење и дека годината ќе биде успешна и покрај тешкотиите и предизвиците со кои се соочуваат сите.

Со оглед на проценката на министерот за здравство Венко Филипче дека пикот на заразата со коронавирусот ќе биде за 30-ина дена, големи се шансите оваа учебна година до крајот да се одвива со електронска комуникација помеѓу наставниците и учениците.

- Деновиве се интензивира далечинското учење што почна да се спроведува. Ова не е онлајн настава, туку далечинско учење што се спроведува со двонасочна електронска комуникација помеѓу наставниците од училиштата и учениците. Учебната година ако треба ќе се заврши на овој начин, а сметаме дека наставниците досега доволно ги знаат своите ученици за да им дадат соодветна оценка за знаењето на крајот - велат од МОН за „Слободен печат“.

Од минатата недела дел од училиштата на своите веб-страници ги закачуваат материјалите што треба да се изучат по секој предмет, наставниците прикачуваат наставни листови и објаснувања за лекциите, а даваат и домашни задачи што потоа учениците треба да ги испратат по електронска пошта.

- МОН е подготвено да им помогне на оние ученици што немаат начин да ја следат наставата на овој начин, а очекуваме тоа да го сторат и училиштата. Спроведувањето на овој процес е во нивна надлежност и тие се одговорни да биде успешно. Според едно истражување, кое не е извршено од МОН, речиси 99 отсто од децата имаат пристап до интернет преку телефон или компјутер. Сметаме дека наставниците треба да најдат начин и да им го предадат зададениот материјал на малиот број деца што немаат пристап до интернет - велат од МОН.

Владата завчеравечер донесе уредба со законска сила според која наставата, испрашувањето и оценувањето во основните и средните училишта и на факултетите ќе се одвива електронски додека трае вонредната состојба. Средства за електронска комуникација можат да бидат видеоконференциски платформи, електронска пошта или други системи за двонасочна електронска размена на податоци, а училиштата и факултетите ќе одлучат кои од нив ќе се користат.

Со Уредбата за Законот за високото образование во вонредна состојба, освен изведувањето на студиските програми и проверката на знаењето на студентите, се уредува и начинот на продолжување на мандатот на органите и телата на високообразовните установи односно јавните научни установи, како и рокот за важност на постојните акредитации, односно реакредитации на студиските програми.

„Полагањето на испитите и на колоквиумите ќе се врши со примена на средства за електронска комуникација под услов да се обезбедени соодветни технички решенија кои обезбедуваат идентификација и контрола на работата на студентите за време на полагањето“, соопшти Владата.

Поради светската пандемија со коронавирусот, во моментов речиси милијарда ученици низ светот се дома.

**99**

**отсто од учениците имаат пристап до интернет преку телефон или компјутер, покажало едно истражување, кое не е извршено од МОН.**

### Ќе се зачести емитувањето на „ТВ-училница“ на МТВ

• Наставата преку ТВ-училница што се емитува секој ден на МТВ ќе се интензивира – велат од МОН.

„Заедно со Бирото за развој на образованието, УНИЦЕФ, ОХО-продукција и Македонската радио-телевизија обезбедуваме повеќе часови за повеќе генерации ученици. Предавањата на наставниците, односно часовите ќе траат по 15 минути, со цел да биде опфатена наставната материја по сите предмети од прво до деветто одделение, а секако продолжува и емитувањето на содржини за децата на претшколска возраст. ТВ-училницата на македонски јазик може да се следи на МТВ1 од 9.15 до 12.10 часот, а на албански јазик на МТВ2 од 12.30 до 14.30 часот“, соопштија од МОН.

„Заедно со Бирото за развој на образованието, УНИЦЕФ, ОХО продукција и Македонската радио телевизија обезбедуваме повеќе часови за повеќе генерации ученици. Предавањата на наставниците, односно часовите ќе траат по 15 минути со цел да биде опфатена наставната материја по сите предмети од прво до деветто одделение, а секако продолжува и емитувањето на содржини за децата на претшколска возраст. ТВ Училницата на македонски јазик може да се следи на МТВ1 од 9.15 до 12.10 часот, а на албански јазик на МТВ2 од 12.30 до 14.30 часот“ соопштија од МОН.

**Апел** Пендаровски

### Седете дома, не паѓајте со духот, ќе издржиме!

• Самоизолацијата е најдобрата превентива против коронавирусот, да помогнеме на немоќните и повозрасните, се вели во пораката на претседателот Стево Пендаровски до граѓаните на Република Северна Македонија.

„Во изминативе 20 години имаме поминато низ многу тешки работи“, потенцира шефот на државата, „но, да бидам искрен, ваков смртоносен противник досега не сме имале“. Тој изрази благодарност до здравствените работници, полицијата и војската.

„Во одржувањето на стабилноста на системот огромен придонес даваат и вработените во трговијата, транспортот, услужните дејности, кои и покрај критичната состојба остануваат на своите работни места“ - потенцира шефот на државата.

Пендаровски истакнува дека додека целиот свет е во потрага по вакцина и лек, самоизолацијата е најдобрата превентива против вирусот.

- Знам дека ви е тешко, но, мораме да ги сочуваме нашите животи, и да им помогнеме на немоќните и повозрасните.Немаме друга опција во овој период освен да издржиме! Ве молам, не паѓајте со духот, сите заедно, ќе издржиме, порачува претседателот на државата.



**Бектеши.**

### ДУИ е за кастрење на платите, ама само на функционерите

• Министерот за економија Крешник Бектеши вчера изјави дека за него и за неговата матична партија ДУИ е прифатлива мерката што ја предложи нивниот коалициски партнер СДСМ за исплата на минимална плата за функционерите во знак на солидарност во услови на економската криза од коронавирусот, но не и да има такво намалување на платите на јавната администрација.

– Ја поддржуваме мерката што се однесува на минимална плата за сите функционери или именувани лица, но сме против да се оди на минимална плата за целата јавна администрација. Секако дека имаме наши предлози и би ги охрабрил сите стопански комори, НВО и експерти да достават соодветни предлози, затоа што ние мислиме дека има и други ставки во Буџетот каде што може да се скрати привично и да одиме фазно на тоа дека трошокот од оваа пандемија треба да го сносиме сите - рече Бектеши.

Моментно, дополни тој, мислиме дека треба да почнеме со намалување на платите на функционерите, откажување на секакви плаќања во управни одбори, надзорни одбори и слично, па потоа да ги видиме другите фази.

**Брисел** ЕУ формално одлучува за почетокот на преговорите

# Европскиот пат отворен за Македонија

**Медиуми** Агенцијата Ројтерс објави дека амбасадорите на ЕУ препорачале првата меѓувладина конференција да се свика „што е можно побрзо“, Државната телевизија Словенија објави текст со наслов „Северна Македонија и Албанија конечно на европскиот пат“, а весникот „Дело“ дека е „сосема извесно“ оти конечно ќе се донесе одлука Македонија да ги почне преговорите со ЕУ.



↑ Утре ќе се одржи самитот на лидерите на ЕУ

Сè е договорено за Македонија, конечно, да ги почне преговорите за членство во Европската Унија. Повеќе од сигурно е дека министрите за надворешни работи на ЕУ ќе ги одобрат заклучоците донесени на амбасадорско ниво (КОРЕПЕР), со кои се препорачува Македонија без дополнителни услови – за разлика од Албанија – да добие зелено светло за преговори со Унијата. Поради коронавирусот, министрите вчера заседаваа преку видеоконференциска врска.

Агенцијата „Ројтерс“ објави дека амбасадорите препорачале првата меѓувладина конференција да се свика што е можно побрзо. Меѓувладината конференција го означува формалното отворање на поглавјата, а претходно треба да биде изготвена преговарачка рамка, која исто така треба да биде усвоена од земјите членки. Сите 27 земји членки се согласиле дека новата методологија на Европската комисија за пристапните преговори е задоволувачка и дека реформскиот прогрес на Северна Македонија е доволен за да се отворат преговорите за членство во ЕУ. Дипломат од земја членка на ЕУ објаснил дека амбасадорите добиле јасни инструкции од своите министри и влади во текот на преговорите што се водеа во Брисел изминатата година, објави МИА.

Иако не се очекуваа изненадувања, сепак, по разочарувањето што во минатиот октомври го доживеаја Северна Македонија и Албанија, никој не знае дали може да се случи промена на одлуката, усогласена на амбасадорско ниво.

Шефот на дипломатијата Никола Димитров деновиве рече дека има големи изгледи и позитивни сигнали од огромно мнозинство на земјите членки од ЕУ за одлука за преговори, меѓутоа нагласи дека КОРЕПЕР не е тело што носи политички одлуки.

- По искуствата од 2018 и 2019 година, должни сме кон народот да бидеме внимателни и да чекаме да се заврши целосно работата пред да ги упатиме честитките. Изгледна е многу ситуацијата, но не е докрај завршена работата во овој процес - рече Димитров и додаде дека ЕУ ќе згреши многу ако прати сигнал дека е толку оптоварена со здравствената криза што не може ништо друго да прави.

Дел од словенечките медиуми објавија дека на состанокот на министрите за европски и надворешни работи на земјите членки на Европската Унија ќе се донесе одлука за почеток на преговорите со Северна Македонија и Албанија, јави дописникот на МИА од Љубљана. Државната Телевизија Словенија во текст со наслов „Северна Македонија и Албанија конечно на европскиот пат“ пишува дека ќе биде донесена одлука за преговори.

- Франција, Холандија и Данска во минатото не беа наклонети кон проширувањето, а од другите членки на Унијата одлуката да не се отворат преговори со Северна Македонија и Албанија беше означена како историска грешка - објави Телевизија Словенија на својата интернет-страница.

И весникот „Дело“ напиша дека е „сосема извесно“ оти конечно ќе се донесе одлука Македонија да ги почне преговорите со ЕУ.

Заклучоците предвидуваат отворање на преговорите и со Албанија, но за оваа земја се додадени низа услови за отворање на првата меѓувладина конференција. Дипломатите во Брисел објаснуваат дека оваа разлика се должи на ставовите на земјите членки.

Откако ќе се усвои одлуката се отвора писмена процедура за нејзино формално одобрување од страна на сите земји членки, со што одлуката стапува на сила. Овој процес може да трае најдоцна до крајот на неделата, кога се одржува и самитот на лидерите на ЕУ, кои пак ќе дадат и политичка согласност.

**Слободна ТВ** Александар Митов за „Утрински брифинг“

# Ќе имаме илјадници заразени

**Лековите во Кина и во Италија дале надеж дека не сме оставени без оружје во борбата со коронавирусот, вели Митов.**




Кај нас се вели дека имаме 130 случаи. Но, треба убаво да се изразиме. Тоа се 130 утврдени случаи! Можеби има стотици, а можеби и илјадници. Не знаеме, прилично веројатно е дека оди накај илјадници. Пред сè, поради лесните симптоми кај помладата популација, изјави за „Утрински брифинг“ на Слободна ТВ, д-р Александар Митов.

Во борбата со коронавирусот веќе почнаа да се препорачуваат одредени лекови. Постојат и сериозни студии за тоа, како тие на Светската здравствена организација, од Кина, Франција...

- Лековите во Кина и во Италија дале надеж дека не сме оставени без оружје во борбата со коронавирусот. Иако сè уште нема терапија и вакцина, протоколите вклучуваат одредени лекови и се покажува дека има ефект. Значи, не е дека сме оставени само на нашиот имунитет – вели Митов.

Тој смета дека е нормално луѓето да бидат исплашени кога гледаат што се случува низ светот и да сакаат да купат лек. Но, државата најде начин тоа да го регулира.

Митов потврдува дека азитромицинот и хлоракините имаат ефект, а тоа го кажуваат официјалните протоколи.

- Ако го земете кинескиот протокол, вие ќе го видите ова. Ова не излезе од некој жолт печат, туку од научна студија од Марсеј, Франција. Самата мега-студија од ОН, односно од СЗО, се фокусира на хлоракинот. Тоа што не е во ред е пациентите самостојно да се лекуваат, како и паничното купување лекови на своја рака, вршењето притисок врз медицинскиот кадар и слично - вели Митов.

Според него, луѓето ќе се смират доколку надлежните кажат дека поседуваат доволна количина лекови.

**Помош.**

## Фирма од Прилеп ќе произведува и ќе донира штитови за лице

• Во Прилеп почнува изработката на штитови за лице, кои првично ќе бидат наменети за заштита на здравствените работници. Оваа е најновата акција за заштита откако пред неколку денови неколку конфекции ја почнаа изработката на заштитни маски.

Градските власти ја поддржаа иницијативата на прилепската компанија „Ипринт“, која почна да ги изработува штитовите за лице.

- Во Прилеп има сè повеќе вакви компании што ќе се вклучат во производството на овие заштитни штитови. Формиравме таканаречен „3Д-пункт“, каде што нашите сограѓани кои поседуваат 3Д-принтери може да се јават, – вели градоначалник Илија Јованоски.

## И приватни здравствени установи ќе лечат од коронавирус

• Приватните здравствени установи ќе даваат услуги на пациенти заболени од коронавирус, одлучи Владата.

Станува збор за тие кои додега биле надвор од мрежата на здравствени установи кои вршат дејност за интензивна нега и терапија. Одлуката ќе важи додека трае вонредната состојба во земјава.

„Фондот за здравственото осигурување ќе склучи договори со овие институции со кои ќе се утврдат обемот и видот на здравствените услуги кои приватната здравствената установа ќе ги врши во периодот на важењето на оваа Уредба, согласно прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување“, соопшти владината прес-служба.

**Владина уредба.**

## Приватните хотели и законски може да бидат карантин

• Владата ја донесе уредбата со која законски се овозможува лицата да се ставаат во строга изолација (карантин) и во угостителските објекти – хотели и мотели, што ги отстапуваат приватниците, сопственици на објектите.

За хотелите и другите објекти се утврдува режим за обезбедување, посебните простории за лицата кои покажуваат симптоми на вирусот, критериумите за исхрана, доставата на пратки (пакети) за потребите на лицата на кои им е определено мерка строга изолација, мерките за дезинфекција, работата на персоналот или волонтерите, собирањето смет и други потребни технички работи.

Превозот на лицата на кои им е определена строга изолација (карантин), од граничните премини до објектите ќе се одвива во два термина, а го обезбедува Генералниот секретаријат на Владата.

**МНР.**

## Вратени 63 македонски граѓани од Црна Гора

• Министерството за надворешни работи соопшти дека во соработка со МНР на Црна Гора и Косово, вчераутро организираше враќање на 63 македонски граѓани во својата земја, со еден автобус и 19 автомобили. Сите ќе бидат сместени во задолжителен карантин, согласно мерките за заштита од пандемијата.

Истовремено, со автобусот на пат кон Црна Гора, овозможено е 15 црногорски граѓани да се вратат во нивната земја.

Министерството за надворешни работи им се заблагодари на црногорските и на косовските власти за соработката, непречениот транзит и солидарноста.

**Епидемија** Во тек е грозничава потрага по лекови против ковид-19

# Сумамед само на бел рецепт, седењето дома најдобар лек!

**Резерви** Министерството за здравство веќе обезбедило терапија за ковид-19 за голем број пациенти во нашата земја. Станува збор за терапија за која допрва ќе се прават клинички студии, но веќе многу земји ја ставија во протоколите, со оглед на тоа што дала добри резултати во повеќе земји.

**Мирослава Бурнс**



← **Нема потреба да купувате огромни количини од лекот „сумамед“. Точно е дека излегоа анализи и студии со кои тој се дава во комбинација со кинин за третман на коронавирус. Има доволно количини и од овие нови лекови што се даваат како комбинација - рече Филипче.**

Ако некој граѓанин почувствува симптоми на коронавирус, какви што се температура, треска, кашлица или отежнато дишење, да се јави кај својот матичен лекар, кој со епидемиолошка анкета ќе утврди дали треба да се тестира. Како што објави Министерството за здравство, тестовите ќе се закажуваат преку системот „Мој термин“. Во функција се 14 центри за тестирање во земјава, со што во борбата против ковид-19 се вклучуваат 1.200 матични лекари. Владата со најнови ригорозни мерки се обидува да осигури дека граѓаните ќе ги избегнуваат социјалните контакти и ќе останат дома.

Две лица починаа од коронавирусот во Македонија. Станува збор за 63-годишен пациент од Дебар кому нагло му се влошила клиничката состојба и за жена од Куманово кај која тестот двапати бил негативен, а по смртта покажал присуство на вирусот.

Според податоците од Министерството за здравство, бројката на заболени до 12 часот завчера била 136 лица.

Министерството за здравство веќе обезбедило терапија за ковид-19 за голема бројка на пациенти во нашата земја. Станува збор за терапија за која допрва ќе се прават клинички студии, но веќе многу земји ја ставија во протоколите, со оглед на тоа што даде добри резултати во повеќе земји кај многу пациенти со навистина добри резултати, заради што ние го правиме истото, рече министерот за здравство Венко Филипче.

Тој апелираше граѓаните да не прават домашни аптеки, откако се покажа дека се зголемила продажбата на лекот „сумамед“, кој во комбинација со лек против маларија ќе се користи како терапија за коронавирусот. „Сумамед“ во Македонија сега може да се купува само на бел рецепт.

- Нема потреба да купувате огромни количини од лекот „сумамед“. Точно е дека излегоа анализи и студии со кои тој се дава во комбинација со кинин за третман на коронавирус. Има доволно количини и од овие нови лекови што се даваат како комбинација - рече Филипче.

Секој пациент што има дијабетес и зема инсулин, може да го продолжи рецептот телефонски кај лекарот што го води и инсулинот директно да го подигне во инсулинската аптека, односно да не оди на лекар специјалист.

Министерот повтори дека мерките за самоизолација и за избегнување социјални контакти се многу важни, поради тоа што се смета дека по два циклуса на инкубација на вирусот, тој практично исчезнува. На тоа се темелат и сите мерки и препораки за избегнување на социјалните контакти, кои македонските здравствени власти ги преземаат и ги заостpуваат од ден на ден. На ова се темели и позитивното сценарио кое Филипче рече дека го очекува, но дека помошта од сите граѓани е неопходна за справување со коронавирусот.

– Искрено веруваме дека ќе има позитивно сценарио. Ограничувањето на социјалните контакти е нешто што веруваме дека ќе го запре патот на ширење на вирусот. Граѓаните мора да ги почитуваат сите овие мерки. Механизмот е тој, што по два циклуса на инкубација, практично сметаме дека вирусот не е никаде околу нас. Тие што биле заболени целосно оздравеле по процесот на лекување, а го нема ниту на површините. И тоа е таа логика, зошто се препорачува социјална дистанца и зошто инсистираме на почитување на мерките - посочи Филипче.

### Нови 12, вкупно 148 лица имаат коронавирус

• Најновите податоци со кои излезе Министерството за здравство а кои се однесуваат на периодот до 12 часот на пладне вчера, укажуваат дека во Македонија се регистрирани 12 нови случаи на коронавирус.

Седум од пациентите се од Скопје, петмина од Куманово. Со ова бројката е 148 лица. Според местото на живеење, досега случаи на ковид 19 се регистрирани во Скопје, и тоа 88 случаи, 40 во Дебар, 8 во Куманово, 7 во Штип, двајца во Кавадарци, двајца во Охрид и еден во Гостивар.

**Влада** Дополнителни рестрикции за движењето

# Тинејџерите и пензионерите ќе шетаат во град во различни „смени“

Движењето на помладите од 18 години е забрането од 21 до 12 часот, а на постарите од 67 години од 11 до 5 часот следниот ден, одлучи Владата со новите мерки за рестрикција на движењето.

Премиерот Оливер Спасовски во гостување на ТВ 24, појасни дејка тоа значи дека младите до 18 години ќе можат да се движат од 12 часот напладне до 21 часот, а возрасните над 67 години од 5 до 11 часот претпладне.

Тоа е направено за да не се поклопуваат овие две возрасни групи, младите како преносители на коронавирусот, а повозрасните како најризична категорија граѓани, истакна премиерот Спасовски.

Полицискиот час за сите се поместува од 21 часот до 5 часот наместо до 6 часот, поради гужвите што се создадоа во јавниот превоз и поради потребата на граѓаните да стигнат на работните места во утринските часови.

Спасовски не исклучува и дополнителни рестриктивни мерки во зависност од тоа какви ќе бидат проценките за развојот на настаните и колку граѓаните ќе бидат дисциплинирани во применувањето на досега донесените.

Тој апелира до сите да ги почитуваат воведените мерки и да останат дома, со цел да се запре ширењето на коронавирусот.

Кризниот штаб најави дека ќе ја разгледа можноста за целосно укинување на јавниот превоз.

Критичкото преиспитување на владеењето и потезите и одлуките на власта - инструменти и оружје кои ги поседуваат опозицијата и медиумите, се секогаш добредојдени, се разбира, дури и во најголемата криза со која може да се соочи една држава. Но, ширењето лажни вести, лажни обвинувања, малициозност, тенденциозност, манипулација, злоупотреба на политички функции за сопствени интереси и цели во ваква криза - е директен удар, предизвикување хаос од кој нема враќање.

**Биљана Секуловска**

# Трибина

ТОП TWEET



**Милан Дамјаноски**
Скарантин – бегање од епидемија со правење групни излети во природа.



**Мартин Богатиноски**
На своја рака купувале по 10 сумамеда. Филипче, кажи му на глупиов народ дека и читањето книги лекува корона.



**Александар Манасиев**
Со коронавирусов половина граѓани докторот го добија на Универзитетот Фејсбук, здраво колега д-р.

## Избор колумни.

# Хистеријата е општа, последиците се трајни



**Сашо Орданоски**
Цивилмедија

> Како и секоја масовна хистерија и раширена параноја, кога ќе поминат, ќе остават последици врз многу други, вонздравствени области во општествата...

Што остана уште ненапишано и неискажано за актуелнава ситуација во светот со коронавирусот?

Како и многумина други во професијава, претпоставувам, претплатен сум на десетина дневни њуслетери на најугледни светски медиуми и дневно следам барем уште толку други извори на информации... Последниве две-три недели, повеќе од 90 отсто од содржините (барем, говорам за оние објавени на англиски и повеќето балкански јазици), што е веројатно нормално, се однесуваат на вирусната пандемија.

Никој ништо друго не прави, не чита, не гледа, не слуша, освен за коронава.

Ова, според сите важечки дефиниции во социологијата и психологијата, може да се третира за масовна психоза - со други зборови, тоа се нарекува и масовна хистерија или групно опсесивно однесување. Таквиот феномен може да се базира врз вистински или замислени групни закани, но примарното чувство е она на лична загрозеност и колективен, паничен страв.

Низ историјата, читам по интернет, се забележани многу такви масовни хистерични однесувања, по различни поводи на групни стравувања: од средновековните „масовни танцувања“ во делови од Светата Римска Империја (луѓе со денови на плоштадите играле до изнемоштеност, а некои и до смрт, за да ги растераат „лошите духови“) и безбројните помали и поголеми ловови на вештерки (оние од Салем се најпознати, литературно и филмски овековечени до денешни времиња); преку бројните случаи на распространети масовни хистерии во 19. век, по разни поводи и причини, втемелени врз верски или фолклорни верувања; до не така дамнешните примери на масовни хистерии, како онаа предизвикана од радиодрамата „Војна на световите“ на Орсон Велс од 1938 година, кога половина Америка беше втурната во таква паника, што требаше долго време луѓето да се уверат дека нападот на марсовците врз Земјата е обична радиофикција... И уште стотици други бизарни, а масовно-хистерични однесувања, како бројни примери со повеќедневни масовни смеења кои не можеле да се сопрат (на пример, во училиште во Киншаса, Танзанија, во 1962 година), најразлични масовни сексуални однесувања (особено по американски колеџи), масовни несвестици, страв од кловнови итн.

Сепак, оваа сегашнава глобална хистерија е прва таква, со огромни размери, барем во последните стотина години. За неа причините се јасни, а се потпираат врз лоши предвидувања и реални случувања по жариштата на вирусот низ светот, иако постојните медицински статистики за ширење и смртноста од вирусот се сè уште некомплетни и недоречени... Но, општата политика е „подобро да се спречи, одошто да се лечи“, додека медицинските статистики на подолг рок не покажат поинаку.

Како и секоја масовна хистерија и раширена параноја, кога ќе поминат, ќе остават последици врз многу други, вонздравствени области во општествата, од кои економските ќе бидат највидливи и сите ќе ги почувствуваме во драстични форми и на подолг рок.

Пострашни ќе бидат многу подлабоките „рани“ врз фините текстури на општествата, кои не ќе можеме ни да ги забележиме, а не пак статистички да ги обработиме. Во тоа спаѓаат чувствата за нарушена доверба или недостаток од солидарност меѓу големи бројки на луѓе. Или односот кон нашите повозрасни сограѓани, родители, роднини, познати и непознати, кои ќе поминат низ многу недели во „пеколот“ на осаменост и дистанца, на кои возраста, колку поголема, толку поосамена, и така веќе ги осудила. Или длабоката вознемиреност на заразените. Или стресот на цели генерации медицински персонал и други професии што ќе се соочат со лимитите пред предизвиците во своите ангажмани... И којзнае што и кој уште не. Масовен синдром на посттрауматски стресови од најразличен вид.

Сепак, оваа сегашнава масовна хистерија сигурно уште долго ќе се проучува во различни научни дисциплини, ако поради ништо друго, тогаш барем поради една сè уште необјаснива појава: што е тоа што ги тера луѓето да купуваат неограничени количества тоалет хартија?!

## Став.



↓ **Бранимир Јовановиќ**

# Кризите секогаш се и шанса

Да, треба да бидеме солидарни во кризава. Да, треба финансискиот товар од кризата да го поделиме сите. Ама тоа не значи дека целата сметка треба да ја платат работниците и сиромашните, а олигарсите, бизнисмените, богаташите и големите компании повторно да останат поштедени. Солидарноста значи дека товарот од кризата треба да падне токму на вториве, затоа што тие се богатеа во изминативе години кога немавме криза и затоа што тие повторно ќе се богатат кога ќе заврши сево ова.

Ако сакате да бидете солидарни, забранете отпуштање работници и намалување плати додека трае кризата, за сите фирми. Не смее профитот на компаниите да биде поважен од луѓето.

Доколку некоја фирма не ја почитува забраната, државата да може да ја национализира фирмата. Национализацијата е секогаш легитимна опција во време на вакви кризи, со право ја спомна и Заев, а е сериозна тема периодов и во држави како Италија, Франција, Германија и Америка.

Ако сакате да бидете солидарни, тие 200 евра помош по вработен што државата ќе им ги дава на фирмите (120 милиони евра вкупно, ако добро слушнав), не смеат да бидат подарок од државата за компаниите. Фирмите мора да имаат обврска да ги вратат тие пари по завршување на кризата, за да може државата утре пак да им помага, но и за да има пари за инвестиции во здравство, образование и сè друго што е потребно.

Доколку сакате да пратите симболична порака дека и јавниот сектор треба да сноси дел од товарот на кризата, океј, намалете ги платите. Ама не на ниво од минималната плата, туку за одреден процент, кој ќе зависи од висината на платата. На пример, за плати до 30.000 - 5 отсто намалување, за плати од 30.000 до 50.000 - 10 отсто намалување итн.

Јавниот сектор не се џаболебари, не се паразити. Јавниот сектор се наставниците што ги образоваат и вашите деца и додека трае кризава, пожарникарите што можат да затребаат во секој миг, инспекторите што треба да следат дали профитерите ги качуваат цените и отпуштаат луѓе од работа, стручните луѓе во министерствата кои ќе треба да ги пишуваат уредбите што сакате да ги донесете. Јавниот сектор се луѓето што ќе треба да ги погледнете во очи утре кога ќе одите на работа, луѓе што чесно си го заработуваат лебот, кои одвај крпат крај со крај, кои имаат сметки за плаќање, долгови за враќање и семејства за хранење.

Конечно, за да можете утре да ги вратите овие 600 милиони евра што ќе ги позајмите за да ги реализирате меркиве, воведете сериозен прогресивен данок, нема да имате подобар момент за тоа од сега.

Укинете ја максималната основица кај придонесите, која ги привилегира оние со плати поголеми од 10.000 евра. Воведете прогресивен данок на личен доход, со минимум три стапки (третата од минимум 25 отсто). Воведете и прогресивен данок на добивка, на пример, за добивка поголема од еден милион евра - данок од 18 отсто.

Кризите секогаш се и шанса, особено големиве како оваа. Сега е шансата да почнеме да градиме солидарно, хумано, праведно општество. Од вас зависи!

| ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ |

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 24.3.2020 | **Тираж: 7.500 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**

Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ,**
**СРЃАН ИВАНОВИЌ,**
**МИТКО БИЛЈАНОСКИ,**
**КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА,**
**ВИОЛЕТА КОСТОВСКА,**
**ИВАНА НИКОЛОВСКА**
Лектор
**ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)
**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

СТАВ

# Без разлика на сè, јас и понатаму сум доктор на сите граѓани!



Д-р Сашо Николов



Драги сограѓани и сонародници, со оглед дека делиме иста мака, но пред сè и поради мојата одговорност, што како доктор ја имам пред моите пациенти, пред моите штипјани, сакам со вас јавно да споделам детали од изминатите денови, кои за мене и моето семејство беа исклучително тешки.

Како доктор, како што налага докторската професија, речиси секојдневно бев во контакт со пациенти што доаѓаат во Клиничката болница во Штип, а со тоа бев и изложен на ризик да стапам во контакт со пациенти заразени со коронавирус. За жал, не се сеќавам дека во тој период некој напиша или јавно покажа загриженост дека овој човек, овој доктор, татко и сопруг, кој работи за нашето здравје, може дома да донесе и пренесе вирус. Поддршката ја имав од мојата сопруга за цело време додека бев ангажиран секојдневно по 12 часа на ден, па и преку викендите.

Досега не реагирав и не напишав апсолутно ништо, бидејќи чекав да пристигнат резултатите од корона-тестот. Не се грижев за себе, туку најголема грижа беше мојата 2,5-годишна ќерка и мојата сопруга. Чувствувам одговорност со вас да ги споделам сите детали, за конечно да престанат лагите што секојдневно нè трујат и имаат за цел да нè дискредитираат и како професионалци и како луѓе!

Фактите се следни:

1. Моите блиски луѓе, кои беа затекнати на одмор во Копаоник, Р Србија, се вратија веднаш кога властите во Србија објавија вонредна состојба.

2. Уште пред да тргнат, стапивме во контакт и ЈАС им дадов инструкции дека кога ќе се вратат дома, ќе бидат во изолација. Без приговор истото го прифатија.

3. Истиот ден ги известив и епидемиолозите во Штип, а тие ги известија колегите во Скопје и дадоа препорака дека според СЗО, Р Србија не спаѓа во критичните земји и за сите што доаѓаат од тој регион, нема мерки за изолација!!! Она што е важно е дека, и покрај ваквиот одговор, моите блиски луѓе ме послушаа и само што се вратија од патувањето, останаа во домашна изолација до денешен ден. Одлучија на свој трошок да направат тест за коронавирусот и лично јас, како доктор, на 20 март, со соодветна заштита на рацете и лицето (истата таа што ја имам и додека ги прегледувам болните во КБ Штип), им земав брисеви и ги испратив на тестирање.

4. Откако пристигнаа резултатите, веднаш стапивме во контакт со Центарот за јавно здравје, каде што во детали се дадени горенапишаните информации.

5. Сите членови од нивниот дом, според препораките на СЗО, се ставени во домашен карантин, под посебни мерки.

Јас, мојата сопруга и мојата 2,5-годишна ќерка, не сме опфатени под ниедни мерки, зашто не сме ни имале контакт со нив. Мои драги сограѓани, одговорно тврдам, дека од нивното пристигнување во Штип, до денес, никој од нив, дури ни малото детенце, немале контакт, ниту со мене, ниту со мојата сопруга, ниту со мојата ќерка. Но, сепак, воден од мојата професионална одговорност како доктор, јас самоиницијативно, одлучив моето семејство да го ставам во самоизолација, за да спречам недоразбирање, но, пред сè, да спречам немир кај вас.

Драги мои штипјани, денес пристигнаа резултатите од тестовите за коронавирусот и среќно објавувам дека мојата ќерка (најбитно), мојата сопруга и јас, сме негативни на инфекција од коронавирусот.

Но, за жал, во сеќавањето на моето семејство и мојата фамилија, ќе останат телефонските јавувања, коментарите на сите социјални мрежи, нивните статуси, кои не беа и сè уште не се лесни за мојата фамилија и на крајот, за мене. Без разлика на сè, јас и понатаму сум доктор на сите граѓани и повторно апелирам, да се почитуваат мерките и препораките и да бидеме сложни и сплотени, зашто само така ќе излеземе од оваа за нас тешка состојба!

Ова е време кога сите треба да бидеме одговорни и за себе, но и за другите. Ова е време кога треба да покажеме солидарност, но и време кога конечно треба да се престане со ширење лажни вести и собирање политички поени на еден подмолен начин, што може длабоко да повреди некого. Јас ќе бидам во секојдневен контакт со Центарот за јавно здравје, ќе бидам во контакт со колегите од моето кардиолошко одделение и веднаш штом дозволат условите, се враќам на своето работно место, да се борам против невидливиот непријател што ни ги промени животите. Заедно ќе го победиме и само заедно ќе излеземе посилни од оваа борба.

> **Во сеќавањето на моето семејство и мојата фамилија ќе останат телефонските јавувања, коментарите на сите социјални мрежи, нивните статуси, кои не беа и сè уште не се лесни за мојата фамилија и на крајот, за мене. Без разлика на сè, јас и понатаму сум доктор на сите граѓани и повторно апелирам, ДА СЕ ПОЧИТУВААТ МЕРКИТЕ И ПРЕПОРАКИТЕ И ДА БИДЕМЕ СЛОЖНИ И СПЛОТЕНИ, зашто само така ќе излеземе од оваа за нас тешка состојба.**

# Зошто е потребен масовен скрининг на популацијата



Горан Кунгуловски

Што ќе биде потенцијалниот бенефит од масовен скрининг на популацијата во нашата земја од коронавирусот.

1. Ќе ни го каже приближно вистинскиот број на заразени. Сега не го знаеме. Масовниот скрининг во Јужна Кореја (почна и во САД) покажа дека најголем број од носителите на вирусот се младите (20-29 години) коишто немаат никакви или имаат благи симптоми. Најранлива група се старите со хроницитет. Можеби вака ќе знаеме кој има вирус, кој не. Ако откриеме еден човек што на друг начин не би го откриле и спасиме неколку животи, вреди за тие неколку милиони евра.

2. Ќе се одредат локални жаришта на болеста, и на државно и на градско и на маалско ниво. Ваквите кластери не само што ќе овозможат студирање на болеста и нејзиното распространување, туку ќе може да се направат и математички модели што ќе претпостават што ќе се случи следно. Колку повеќе информации, толку подобар модел. Можеби ќе ни помогнат да бидеме во чекор со болеста.

> Македонија има инфраструктура и опрема да направи масовен скрининг на 30.000 луѓе месечно. Потрошувачката ќе биде приближно 25 евра по тест. Владата може да ги достави тестовите до сите институции со тие капацитети и тие да бидат бесплатни за граѓаните

3. Знаејќи ги кластерите на заразени и нивната демографска дистрибуција, ќе се овозможи подобра распределба на ресурси. На пример, ако има 100 заразени во Битола и 10 заразени во Тетово, не може во двете да има еднаков број на респиратори, туку ќе бидат поскладно распределени. Војската ќе прска и дезинфицира соодветно. Истата логика е за сè, во зависност од големината на жариштето. Можеби паметно ќе се користат ресурсите.

4. Бидејќи луѓето се социјални битија, ќе има неодговорно однесување и недоволна социјална дистанца и изолација. Од морето на неодговорните ќе се знае колку се заразени, колку не. На заразените неодговорни ќе им даде мотив (морален и правен) да се изолираат.

5. Психолошки луѓето ќе се чувствуваат како да имаат контрола врз ситуацијата, а истовремено ќе бидат послушни и ќе ги следат правилата на социјално дистанцирање и изолација.

Која е негативната страна на масовниот скрининг?

Можно е да е предоцна и нема силен удел како во горенаведеното. Значи ќе се изгубат неколку милиони евра на тестови и градење пунктови за земање брисеви. Мал ризик, голема потенцијална добивка. Македонскиот народ ќе знае дека сме дале сè од себе.

Заклучок: Македонија има инфраструктура и опрема да направи масовен скрининг на 30.000 луѓе месечно.

Потрошувачката ќе биде приближно 25 евра по тест. Владата може да ги достави тестовите до сите институции со тие капацитети и тие да бидат бесплатни за граѓаните. Досега Министерството за здравство многу одговорно и дисциплинирано си ја вршеше работата (и во споредба со многу понапредни земји). Не би сакал сè тоа да падне во вода поради ваква ситна инвестиција и превид.

Јужна Кореја, Бахреин, почна и САД, храбро влегоа со масовен скрининг, бегајќи од епидемиолошкиот конзерватизам и се осврнаа на технологијата. Треба и ние да бидеме храбри и неконвенционални.

И секако, без разлика дали ќе има масовен скрининг или не, луѓето треба да ги следат препораките на социјално дистанцирање, изолација, миење раце и „бидување мајмуни“ (мајмуните земаат од продавници само она што им треба). Тестирање, откривање, наоѓање контакти, тестирање (повторно).

(**авторот е истражувач во Лабораторијата за генетика и персонализирана медицина, како дел од ПЗУ „Жан Митрев“**).

| ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА", НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ |

**Ова се ѕвездените мигови на Македонецот - ем со препорака седи дома и ништо не работи, ем на секои два-три дена слави успеси.**

Борис Георгиевски

# Неколку зачудни мисли од зад затворени врати во зло време



**Наум Пановски**

Кои сме? Што сме? Од каде доаѓаме? Што правиме овде? Каде одиме?

Во каков свет живееме?

Среќен поединец во несреќно општество или несреќен поединец во среќно и богато општество?

Див поединец во хаотично општество или цивилизиран граѓанин во организирано општество?

Варваризам или цивилизација?

Што е среќа? Личното, материјално богатство, физичкиот изглед, полниот стомак или здравјето на човекот?

Капитал или човек?

Неодговорност кон себе и околината или грижа и одржување на беспрекорното отчукување на биолошкиот часовник што го мери нашето време и го продолжува нашето постоење на планетата Земја во оваа форма во која објективно се самопознаваме?

Секое право подразбира и обврска.

Твоето право те обврзува да го почитуваш правото на другиот.

Не барај права ако не си ги исполнуваш обврските кон себе и кон другиот.

Твојата слобода, а со тоа и твоите права, завршуваат на еден сантиметар пред мојот нос.

Оној момент кога ќе ми го допреш носот, а тоа може да биде твојата тупаница, твојата глупост, незнаење, немарност или што било друго што ја нарушува мојата слобода, е агресија што ги повредува моите права. За тоа следуваат консеквенции.

Тоа некои го викаат самоодбрана, некои борба за опстанок, некои баланс во природата.

Пред законот сите се еднакви. И млади и стари, и богати и сиромашни, и умни и глупави, и болни и здрави. Според законот, сите добиваат тоа што заслужиле. Според природата, сите сме различни. Секој е свој свет, со своја болка во коленото.

Колку партијата, идеологијата или религијата имаат врска со тоа што мене ме боли лакотот или коленото?

Кој е виновен за моето колено? Партијата и религијата или јас? Идеологијата или биологијата?

Да се живее пасивно со жестоката природа или таа да се менува за да не ме боли коленото?

Глупоста не е заразна, но таа не се лекува.

Образованието ограничува, но тоа не е глупост. Тоа се лекува, со постојано самонадградување и со самообразување.

Се плашиме да бидеме сами, ама и да бидеме заедно со други и за други.

Пеколот се другите, или пеколот сум си јас самиот на себе?

Како да се помири личното и општото во корист на хуманото?

Природата на човекот не се менува. Тој/таа исто сака и мрази како што сакал и мразел и пред илјадници години. Неговите нагони за глад, за секс, за љубов, за одржување и преживување, не се изменети ни за микрон. Тој е исто толку себичен и агресивен како што бил и порано. Денес, меѓутоа, затоа човекот што е свесно битие, суштество кое го одвојува од животните и кое е на повисоко ниво од нив човекот може тие свои нагони, својата природа, поуспешно или помалку успешно да ја контролира и да управува со неа.

Постојам, и јас сум одговорен за моето постоење, какво и да е тоа. Зад секој мој избор се крие опасност, но јас свесно ја преземам таа одговорност за да можам да одам понатаму.

Дали од ова зло време, кое секако ќе го преживееме, ќе излеземе похумани или, пак, помалку хумани?

# Заразата со лажни вести е смртоносна



**Џабир Дерала**
Цивил медија

Навистина тежок викенд. Вестите од Загреб се потресни. На целата мака со пандемијата, убавиот Загреб го погоди и силен земјотрес, незапаметен во последниве 140 години. И додека нашите мисли се со луѓето погодени од земјотресот и ги бараме телефонските броеви на нашите блиски од пријателска Хрватска, тамошните професионални медиуми ги пренесуваат апелите да не се наседнува на лажните вести. Некако почнува да се согледуваат тешките последици од индустријата на лажните вести.

Многумина, веројатно со право, ја поистоветуваат штетата од несреќите и непогодите со штетата која ја предизвикуваат продуцентите и дистрибутерите на лажни вести и дезинформации. Паниката во вакви времиња е погубна и може да однесе човечки животи.

Мотивите на тие што шират лажни вести и паника меѓу луѓето се различни. Најопасни се оние што ги продуцираат организираните агитпроп-центри кои имаат политички, воени, економски или криминални интереси. Не толку опасни, но не и наивни се будалетинките што шират лажни вести за да привлечат внимание и чии ментални склопови се склони кон теории на заговорот, параноја, злоба и, најчесто, чиста глупост.

Во преписка со една моја колешка, добивам нови информации за, како што го нарече, ураганот од дезинформации и ловот на вештерки во градот каде што живее. Ме информира за безбројните панични прашања кои ѝ ги упатуваат луѓето кои се исплашени да не бидат заразени со коронавирусот. Ситуацијата е дотолку позагрижувачка што токму оние што најмногу треба да се грижат да не шират лажни вести и паника меѓу луѓето се главните носители на вирусот на дезинформациите. И за несреќа, тоа не се само медиумите, туку и ситни души со политички интереси и амбиции.

> Не е наша задача да ловиме заразени. Тоа не е и не смее да биде ничија задача. Од лов на заразени до идентификување на потенцијални жаришта и откривање нови случаи има огромна разлика. И што е најважно, тоа е задача на системот. Наша задача е да се бориме против паниката и стигмата.

Не е наша задача да ловиме заразени. Тоа не е и не смее да биде ничија задача. Од лов на заразени до идентификување на потенцијални жаришта и откривање нови случаи има огромна разлика. И што е најважно, тоа е задача на системот. Наша задача е да се бориме против паниката и стигмата. Тоа е задача на секој од нас. Само така ќе им помогнеме на нашите херои - здравствените работници, полицијата, војската и сите чија работа е да пружаат услуги, да комуницираат, да продаваат, да снабдуваат...

Не е потребно искуство, туку само зрелост и минимум присебност. Не е потребно високо образование и директна линија со стручните екипи на Владата. Доволно е да се стави простотилакот и злонамерноста најдлабоко во комората за замрзнување. Барем додека да помине оваа тешка глобална војна со коронавирусот.

Имаме институции кои до пред три години беа заробени и криминални, а сега се на првата линија на фронтот, нѐ издигнаа високо на листата на најуспешните држави во борбата против коронавирусот. Сосема доволно е да се следат официјалните изјави и соопштенија. Сѐ друго може да биде опасно, па и смртоносно.

Тешката болест е на чекор до секој од нас. И сиромаштијата ќе го зема својот смртоносен данок долго по крајот на пандемијата. Криминално е, на сета неволја да се додаваат и лажни вести и паника кои, исто така, ги доведуваат во опасност драгоцените човечки животи. Наместо тоа, солидарност, присебност и меѓусебна доверба се главната одбрана од пандемијата. Се разбира и почитувањето на мерките - седи дома, миј раце, дезинфицирај...

На крајот на краиштата, вонредна состојба е, има полициски час. Што може да биде посериозно од тоа?




↑ Фотомонтажа **Златко Зец**

# Економија

**Курсна листа** — Курсната листа е од **24.3.2020**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.388 | 62.005 | CAD | 1 | 39.579 | 39.977 |
| USD | 1 | 56.930 | 57.502 | AUD | 1 | 33.029 | 33.361 |
| GBP | 1 | 66.030 | 66.694 | JPY | 1 | 0.5154 | 0.5206 |

**Кредити** Банкарскиот долг огромен товар во вонредните услови

# Секој вработен во просек им должи на банките по 4.900 евра

**Рати** Отплатата на долговите во оваа вонредна ситуација кога многу фирми не работат или работат со значителни капацитети, како и кога многу луѓе останаа без работа или ќе земат намалена плата, е огромен товар, а за некои и невозможен.

**Весна Дамчевска**

Фирмите и граѓаните им должат на банките 5,6 милијарди евра. Структурата на долгот е таква што износот на долговите е речиси еднаков и на домаќинствата и на компаниите. Фирмите им должат на банките 2,72 милијарди евра, а граѓаните 2,83 милијарди евра, заклучно со февруари годинава, покажуваат податоците на Народната банка.

Според ова, секој вработен граѓанин, за кој според податоците на Пензискиот фонд се плаќаат придонеси (578.023 осигуреници), во просек кај банките е задолжен со 4.900 евра. Во државава, пак, има околу 72.500 деловни субјекти, што значи дека тие во просек се задолжени со по 37.500 евра.

Отплатата на долговите во оваа вонредна ситуација кога многу фирми не работат или работат со значителни капацитети, како и кога многу луѓе останаа без работа или ќе земат намалена плата, е огромен товар, а за некои и невозможен.

### Со потрошувачки кредити заглавени до гуша

Структурата на кредитите кај граѓаните веќе долго време го покажува неповолниот сооднос, односно дека граѓаните најмногу земаат потрошувачки кредити, кои главно се за преживување и за помали инвестиции какво што е некое реновирање на домот или обновување со бела техника.

Од вкупно 2,8 милијарди евра, за потрошувачки кредити се 1,5 милијарди евра и нивниот износ во февруари годинава се зголемил за 14,3 проценти во однос на ланскиот февруари. Покрај потрошувачки кредити, за затворање на потрошувачките дупки граѓаните користат и кредитни картички и на овој начин искористиле 190,6 милиони евра, а користат и одење во минус со плати, при што негативните салда се 112,2 милиони евра.

Расте задолженоста и за станбените кредити. Овој февруари, во однос на ланскиот, растот е 14,3 проценти, а нивото на овој вид кредити достигна 854 милиони евра.

Автомобилските кредити и понатаму се намалуваат. Годишната стапка на намалување е 5 отсто, а нивниот износ е само 5 милиони евра.

### Тактизирања за ратите

Деновиве во јавноста е актуелно прашањето околу замрзнувањето на ратите за кредитите. Притоа, има повеќе варијации на оваа тема.

Според Македонската банкарска асоцијација, никако нема да стане збор за мораториум на отплатата на кредитите туку ќе им се помогне на оние на кои тоа им треба.

Според гувернерката Анита Ангеловска-Бежовска, ќе има повеќе начини на кои ќе им се помогне на фирмите и на граѓаните – преку одложување на отплатата, преку плаќање на повеќе рати, со пониски камати.

Министерката Нина Ангеловска, пак, рече дека во крајна линија со овие можности е опфатено и одложувањето на ратите, но дека сето тоа ќе биде прецизирано со уредба на Владата. Уредбата, барем додека се пишува овој текст, сѐ уште не е донесена. Според Ангеловска, уредбата ќе им се овозможи на банките на својата веб-страница да ги наведат условите и граѓаните и компаниите ќе добијат понуда, по што во рок од 10 дена ќе треба да се изјаснат дали ја прифаќаат или ќе си отплатуваат по старите услови.

За претседателот на СДСМ Зоран Заев, пак, кој го презентираше предлогот за економските мерки до Владата, банките мора да прифатат замрзнување на ратите најмалку за 3 месеци, а ако не го направат тоа, Владата со уредба тоа ќе им го наложи.



↑ **Секој деловен субјект во земјава во просек им должи на банките по 37.500 евра.**

### Олеснувања за отплата и на брзи кредити?

**• Финансиските друштва што даваат брзи кредити на состанок во Министерството за финансии соопштиле дека и тие ќе даваат олеснувања за клиенти што имаат проблеми да ги платат ратите, дознава Фактор.**

**Се очекува да има олеснувања во смисла на репрограмирање на кредитите со поповолни услови, но не и замрзнувања на плаќањата.**

## БРОЈКИ

**5,6** **милијарди евра им должат фирмите и граѓаните на банките заклучно со февруари годинава.**

**1,9** **милијарди е долгот за кредити на домаќинствата за потрошувачки кредити, кредитни картички и за одење во минус со плати.**

**2,8** **милијарди евра е вкупниот долг на домаќинствата кон банките.**

## Нема да пропаднат парите за патувања

• Граѓаните што уплатиле за некое патување, нема да ги изгубат парите туку ќе добијат ваучер во висина на уплатата што ќе може да го искористат за друго патување, изјави министерот за економија Крешник Бектеши.

- Во случај некоја агенција да затвори и да престане со вршење на дејноста, ќе мора парите во целост да им ги врати на клиентите - рече Бектеши.

За оние агенции што нема да ги следат упатствата, следуваат казни, рече министерот Бектеши.



## Укината царината за медицински материјал, ќе се намали за храната

• Владата стопроцентно ги укина царинските давачки за 13 медицински производи, кои се увезуваат како потрошен медицински материјал. Укинувањето на царинската стапка за овие стоки ќе важи до завршувањето на вонредната состојба поради коронавирусот.

Министерот за економија Крешник Бектеши најави дека ќе има намалување на царините и на барање на компаниите од месната и прехранбената индустрија, со цел намалување на цените и овозможување непречено работење на оваа индустрија и увоз на репроматеријалите.

**Уредба.**

## Се намали казнената камата

• Промените се направени за да може да се применува поповолната референтна каматна стапка што неодамна ја пропиша Народната банка, а се намали и износот што се додава на таа референтна стапка од 10 на 5 процентни поени за правните лица и од 8 на 4 процентни поени за физичките лица.

Според Уредбата, стапката на казнената камата се определува на месечно ниво во висина на референтна стапка што важела на последниот ден од претходниот месец, зголемена за пет процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за четири процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец (законска казнена камата).

Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, тогаш место референтна стапка, се користи еурибор.

**Средба на Богоев со советнички групи при Советот на Карпош.**

# Општината е посветена на заштита на граѓаните

На средбата се разговарало и за ослободување на угостителските објекти од наплата на такса за урбана опрема, проблематика, за која, како што информирал градоначалникот, се разговарало и на координациите во Град Скопје.



↑ Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев со претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев и координаторите на советничките групи на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ Филип Даскаловски и Тони Јаревски одржаа средба на која беше посочено дека сега е време за соработка.

Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев со претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев и координаторите на советничките групи на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ Филип Даскаловски и Тони Јаревски одржаа средба на која беше посочено дека сега не е време за политички надмудрувања, туку за соработка, подадена рака и одговорност.

Како што соопшти Општината, Богоев го поздравил конструктивниот пристап на опозицијата, на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ во Карпош, со тоа што доставиле повеќе предлог мерки и активности до локалната самоуправа.

Заеднички било заклучено дека Општина Карпош сериозно е посветена на постојани активности за заштита на граѓаните од коронавирусот.

– Темелно и секојдневно се мијат и дезинфицираат улиците и урбаната опрема, во соработка со Црвениот крст се организираат мобилни тимови за помош на ранливи групи на граѓани, тековно се информираат граѓаните и заедниците на сопственици на станови за новите мерки и препораки – велат од Општина Карпош.

На средбата се зборувало и за ослободување на угостителските објекти од наплата на такса за урбана опрема, проблематика, за која, како што информирал градоначалникот, се разговарало и на координациите во Град Скопје.

**Темелно и секојдневно се мијат и дезинфицираат улиците и урбаната опрема, во соработка со Црвениот крст се организираат мобилни тимови за помош на ранливи групи на граѓани, тековно се информираат граѓаните и заедниците на сопственици на станови за новите мерки и препораки – велат од Општина Карпош.**

Богоев нагласил дека се разговара и за дополнителна механизација (цистерна) за миење и дезинфекција на поголемите улици во Карпош, со што, ќе се зголеми бројот на три активни цистерни кои ќе мијат и дезинфицираат улици. Станало збор и за поставување на дезинфекциони бариери, на влезните и излезни сообраќајници од Општина Карпош, за да се обезбеди дезинфекција за моторните возила кои циркулираат во овој дел од Градот.

– Изминатиов период на пандемија од коронавирусот, Општина Карпош работи на интензивна заштита на здравјето на граѓаните, спроведувајќи ги мерките и препораките од надлежните институции, но и креирајќи дополнителни активности за поголема превенција на жителите. Сите граѓани, институции, организации и политички партии се обединети, за, колку што е можно, побрзо да се надмине оваа кризна состојба – информираат од Општината.

**Град Скопје.**

## Изменет сообраќај на булеварот „АСНОМ“ и улицата „Васко Карангелески“



Од вчера, па се до завршување на градежните работи ќе биде воведен привремен режим на потегот од улицата „Васко Карангелески“ и улицата „Индустриска 1“ во населбата Ќерамидница.

– Центарот за управување и контрола на сообраќајот ги известува граѓаните дека во тек е реализацијата на втората фаза од проектот за изградба на мост на реката Вардар што ќе ги спои улицата „Васко Карангелески“ и улицата „Индустриска 1“, во населбата Ќерамидница. Ве известуваме дека од денеска на овој потег ќе биде воспоставен привремен сообраќаен режим и тој ќе важи до завршување на градежните работи, информираат од Град Скопје.

Оттаму посочуваат дека поради измената на режимот на сообраќај, постојната автобуска станица во близина на СЦ „Јане Сандански“ ќе биде дислоцирана и ќе биде соодветно обележана.

**Став.**



↓ **Анета Стојковска**

## Се вози ли некој од ќеиф во автобус?

Го слушам премиерот Оливер Спасовски дека се размислувало сосема да се укине јавниот градски превоз поради короната. Дали тоа значи дека ќе се забрани и одење на работа во тој период. Дека сосема ќе запре животот во Скопје?

Пред некој ден на социјалните мрежи се појави фотографија од автобус на ЈСП, направена во утринските часови, на која граѓани се гужваат да влезат во возилото, во обид да стигнат навреме на своите работни места. Повеќето со маски и ракавици, како што налагаат препораките за заштита од коронавирусот, колку да не си дишат директно лице в лице, затоа што, веројатно најважната препорака, да се држи соодветно растојание еден од друг, во такви услови е невозможно да се почитува. Под фотографијата стотици коментари од граѓани, дел од нив со барање да се зголеми бројот на автобуси, но повеќето со осуда, гнев, па дури и гнасни навреди упатени кон луѓето што биле принудени да се гмечат во автобус. Главната поента од сите – седете си дома, кај сте тргнале?

А дали има некој што во вакви услови не сака да седи дома и да си го заштити своето и здравјето на своите најблиски? Има ли таков? Постои ли човек што во овие невремиња сака да се вози во автобус секое утро, онака, за ќеиф? Едноставно, во овој град има луѓе што мораат да одат на работа и да стасаат некако таму. Сакале тие или не, никој не ги прашува! Исто така, има и граѓани кои не можат да си дозволат поинаков превоз до работа. Да, немаат! И затоа кога се плука и навредува по социјалните мрежи треба да се има малку усул. Па да се размисли дали за гужвата во автобусите се виновни граѓаните или оние на кои им текнало дека со помал број возила ќе се намали гужвата во градскиот превоз. Опасна некоја логика!

Една од поновите владини мерки е да се држи растојание од два метри од еден до друг патник во градскиот превоз. Скопје нема толку автобуси за да се исполни оваа препорака. Ниту автобусите имаат таков капацитет. Евентуално во еден автобус да се возат по три-четворица, а во кинеските двајца долу и двајца на кат. Настрана шегата, оваа препорака е невозможно да се почитува. Ниту има кој да ја спроведе.

Го слушам премиерот Оливер Спасовски дека се размислувало сосема да се укине јавниот градски превоз поради короната. Дали тоа значи дека ќе се забрани и одење на работа во тој период. Дека сосема ќе запре животот во Скопје? Затоа што мене не ми паѓа на ум ниеден друг начин за некој кому автобускиот превоз му е единствена опција, на пример од Драчево, или од Чento, Бутел, Волково или од Ѓорче да стигне на работа во друг дел од градот.

Ситуацијата е таква во која секој од нас жртвува многу за да се заштити од опасниот вирус. Препораките за заштита мора да се почитуваат. Тешка е самоизолацијата, недостига социјалниот живот, но исто така им е тешко на оние граѓани кои мора да одат на работа, затоа што немаат друг избор, изложувајќи се на ризик при секое излегување. Дајте повеќе автобуси, не само на неколку линии, за да се заштити и здравјето на оние кои немаат друг избор освен да се качат во градските возила. За сето ова што не снајде, да помине со помалку последици за сите.

# Свет

## Човековите права не смеат да се кршат

• Рик Даемс, претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ), ги повика денес европските влади строго да ја почитуваат Европската конвенција за човекови права при донесувањето на вонредните мерки при соочувањето со кризата со КОВИД-19.

-Ширењето на вирусот ковид-19 предизвика драматична економска и социјална криза, како и криза за јавното здравје, ширум светот - вели Даемс

**Ковид-19** Кинескиот лекар Чанг Венхонг предвидува

# Во Европа борбата со вирусот може да потрае до две години

**Според него, пандемијата би можела да биде запрена доколку целиот свет престане да се движи четири недели**

Борбата против новиот коронавирус во Европа би можела да потрае до две години, изјави шефот на тимот медицински експерти за ковид-19 од Шангај, Чанг Венхонг.

Кинескиот лекар смета дека е „совршено нормално“ вирусот да се појавува и да исчезнува и пандемијата да трае една или две години.

– За да најдеме решение за ширењето на заразата во краток временски период, мерките мора да бидат екстремно радикални – посочи Чанг.

Според него, пандемијата би можела да биде запрена доколку целиот свет престане да се движи четири недели.

- Меѓутоа не можам да замислам дека некогаш била можна глобална суспензија, дури ниту во Германија или во Европа - потенцира Чанг.



↑ Фотографија **ЕПА**

Во меѓувреме е соопштено дека централната кинеска провинција Хубеј, каде што смртоносниот коронавирус првпат се појави кон крајот на минатата година, ќе ги укине забраните за патување по два месеца прекин, соопштија локалните власти.

На здравите жители ќе им биде дозволено да ја напуштат провинцијата, а патните ограничувања за напуштање на Вухан ќе бидат укинати на 8 април, кога луѓето ќе можат да заминат, врз основа на претходна здравствена проверка.

Кинеските власти соопштија за 78 нови случаи на заразени со ковид-19 денеска, со огромно мнозинство инфицирани дојденци од странство, при што се појавија стравувања од втор бран инфекции.

Првиот нов случај за речиси една недела беше исто така пријавен во Вухан – епицентарот каде што вирусот се појави кон крајот на минатата година.

## Заштитните маски да се менуваат на три часа

• Заштитната маска може да се носи најмногу три часа, потоа станува влажна и со самото тоа е заразна и неефикасна, тврди словенечкиот доктор Андреј Трампуж, кој е еден од најпознатите европски инфектолози.

Истото мислење го дели и српскиот лекар Предраг Кон, епидемиолог и член на експертскиот тим на Србија во борба против коронавирусот.

– Маските треба да ги носат оние што имаат респираторни проблеми, без разлика на тоа дали тие се поврзани со ковид-19 или со некое друго заболување. Здравите лица, без симптоми на инфекција, не треба да носат маски на отворено. Се препорачува само кога влегувате во затворени простории, но само до три часа – истакна Кон.

**Шпанија.**

## 4.000 здравствени работници се заразени со коронавирус

• Во Шпанија околу 4.000 здравствени работници се заразени со новиот коронавирус и речиси секој деветти заразен член на медицинскиот персонал го пријавил тоа, објави шпанската здравствена служба.

– Имаме некои информации што не ни се допаѓаат, треба да ги ставиме под контрола, како што е фактот дека 3.910 здравствени работници се заразени – изјави шефот на здравствената служба Фернандо Симон на прес-конференција.

Во понеделникот бројот на заболени во Шпанија, втората најтешко погодена земја во Европа од ковид-19 по Италија, беше 33.089. Ова значи дека здравствените работници сочинуваат 12 отсто од заразените. Бројот на починати се искачи на 2.182, што е зголемување за 462 од неделата. Симон истакна дека 87 отсто од починатите имале 70 години или биле постари.

**Италија** Додека бројот на починати се намалува

# Здравствениот систем се наоѓа пред колапс

**Во италијанската болница Олио По, 25 од 90 лекари се заразени со новиот коронавирус, што го зголемува притисок врз здравствениот систем кој веќе е преоптоварен од пандемијата**



Веќе два дена по ред бројот на починати лица од последиците предизвикани со заразувањето на коронавирусот ковид-19 во Италија, се намалува. Сепак, бројот на новозаразени и натаму расте, по што на сериозен удар се најде здравствениот систем на земјата.

Во италијанската болница Олио По, 25 од 90 лекари се заразени со новиот коронавирус, што го зголемува притисок врз здравствениот систем кој веќе е преоптоварен од пандемијата.

– Една петтина од вработените во болницата се заразени со коронавирусот – изјави шефот на оваа установа Даниела Ферари.

Здравствените работници е утврдено дека речиси сигурно го ширеле вирусот, а поради нивната дефицитарност невозможно било да бидат ставени во изолација. Состојбата е влошена и од фактот дека лекарите и медицинските сестри немале доволно маски и ракавици при избувнувањето на инфекцијата пред еден месец.

– На крајот сме со силите – изјави лекарот Романо Паолучи, кој се врати од пензија за да ѝ помогне на болницата крај Кремона, еден од најтешко погодените градови во Ломбардија.

– Немаме доволно ресурси и особено персонал затоа што, меѓу другото, и персоналот сега почнува да се разболува - додава Паолочи. Во Ломбардија, регион со најмногу заразени и починати, најмалку две болници станаа жаришта на инфекција. Пациентите го заразиле медицинскиот персонал, кој потоа го ширел вирусот со преселување во нивните заедници пред да се воведе строг карантин.

– Тоа е еден фактор што придонесе за такво брзо ширење на вирусот – рече Цузепе Ремузи, директор на Институтот за фармаколошки истражувања Марио Негри.

– Пациентите заразија други пациенти и лекари, кои потоа излегоа и ги заразија другите – рече Ремузи.

На национално ниво, 4.268 здравствени работници, или 0,4 проценти од вкупниот број, се заразиле со вирусот до 20 март, според Националниот институт за здравство.

Во Бергамо, североисточна Ломбардија, 134 матични лекари, 600 или 22 проценти, се разболеле или се во карантин, вели Гвидо Маринони, шеф на локалното здружение на лекари по општа практика. Почина тројца лекари.

– Ситуацијата е уште полоша во пензионерските домови – заразени се 1.464 здравствени работници од 5.805.

Шефот на владиниот кризен штаб за борба со пандемијата на коронавирусот изјави дека на Италија ѝ се потребни 90 милиони маски месечно и ги „активираше сите можни канали“ за да ги добие.

Гувернерот на Ломбардија, Атилио Фонтана, изјави во четвртокот дека потпишале договор за набавка на четири милиони маски од Јордан. Во неколку болници и здравствени центри во Милано, јавни и приватни, вработените и синдикатите исто така се жалат на несоодветни мерки за заштита на вработените.

**Косово** Бројот на заболени се удвојува



# Тачи и Курти во безмилосна политичка борба

**Според косовскиот претседател, премиерот Курти дејствата не ги презема за да го заштити народот, туку самиот себеси**

Институтот за јавно здравство на Косово (ИШПК) објави дека во земјата се потврдени нови 26 случаи на носители на коронавирусот, со што официјалната бројка на заразени се искачи на 61 лице.

Сите 26 нови случаи имале непосреден контакт со членови на семејствата или со луѓе блиски на лица кај кои веќе е потврдена заразата.

– Во Лабораторијата за молекуларна микробиологија на ИШПК беа тестирани 100 примероци земени при испитување на лица што биле во близок контакт со потврдените случаи. Испитувањето на толку голем број луѓе е извршено со цел да се откријат сите контакти на потврдените случаи што се пронајдени на проактивен начин - се вели во соопштението.

Косовската влада донесе нови мерки за спречување на ширењето на заразата, меѓу другото ограничувајќи го движењето на граѓаните и приватните возила во периодот од 10 до 16 часот и од 20 до 6 часот. Но, претседателот Хашим Тачи се спротивстави на оваа одлука на владата на премиерот Албин Курти, оценувајќи ја како „флагрантно кршење на Уставот" и ги повика граѓаните да не ја почитуваат.

– Одлуката за ограничување на слободата на движењето на граѓаните претставува застрашување од човековите права и слободи што се гарантираат со Уставот на Косово. Таквото ограничување може да се направи само со прогласување вонредна состојба, а тоа може да го прогласи единствено Собранието на Косово - изјави Тачи.

Тој најави дека ќе се обрати на Уставниот суд на Косово, со цел одлуката на Владата на Курти да се поништи и им порача на полицијата и на безбедносните сили дека доколку ја спроведуваат, ќе извршат кривично дело.

– Ниту полицијата на Косово ниту безбедносните органи не треба да ја спроведуваат оваа антиуставна одлука на владата, бидејќи на тој начин и самите ќе извршат кривично дело.

Според косовскиот претседател, премиерот Курти дејствата не ги презема за да го заштити народот, туку самиот себеси.

– Истиот премиер што упорно го одбиваше прогласувањето вонредна состојба, сега носи антиуставни одлуки. Овие одлуки тој ги носи не за да го заштити народот, туку за да се заштити себеси - дополни Тачи.

**Турција.**

## Вирусот однесе седум животи

• Турскиот министер за здравство Фахретин Коца изјави дека од коронавирусот ковид-19 починале седум луѓе, а потврдени се уште 293 новозаболени.

Во изминатите 24 часа добивме резултати од 3.672 теста на коронавирус. Потврдени се 293 нови случаи на зараза. И покрај напорите што ги вложуваме, болеста победи седум наши пациенти - напиша Коца на Твитер.

Тој посебно ги предупреди младите луѓе да не мислат дека ќе бидат изземени од епидемијата.

- Забавете го темпото на живот. Не изложувајте се на ризик. Не носете го ризикот дома. Останете дома. Животот може да престане и дома - истакна Коца.

Во Турција досега од ковид-19 се инфицирани вкупно 1.529 лица, а починаа 37.

**Франција.**



## Губењето на чувството за мирис е симптом на заразата

• Висока температура, сува кашлица и тешкотии во дишењето. Ова се симптомите на ковид-19, но оториноларинголозите сега откриваат дека постои уште еден симптом, а тоа е губењето на чувството за мирис.

Како што изјави вториот човек на францускoто Министерство за здравство, Јером Саломон, илјадници луѓе заболени со коронавирусот пријавиле дека не чувствуваат мирис. Како пример тој го посочил и заразениот француски кошаркар Руди Гоберт, кој самиот рекол дека го загубил чувството за мирис.

– Во случај на таква појава, треба веднаш да го повикате лекарот и да избегнувате самолекување – изјави Саломон.

Тој исто така додал дека овој симптом е многу редок и дека најчесто се јавува кај младите пациенти што имаат блага клиничка слика на ковид-19.

**Самит Г-20.**

## Светските лидери ќе бараат лек за економијата

Лидерите на дваесетте најголеми светски економии (Г20) в четврток ќе одржат видеоконференција за пандемијата на коронавирусот, објавија западните медиуми.

Министрите за финансии од Г20 и централните банкари претходно се договорија да усвојат „акционен план" за ковид-19.

Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) очекува кризата со коронавирусот да предизвика глобална рецесија. Вонредниот самит на лидерите ќе ја комплицира војната околу цената на нафтата меѓу Саудиска Арабија и Русија и зголемените тензии меѓу САД и Кина во врска со изворот на новиот вирус, со кој се заразени повеќе од 380.000 луѓе, а починати се 16.500.

Генералната директорка на ММФ, Кристалина Георгиева, ги поздравува фискалните и монетарните мерки преземени од некои земји, но смета дека тоа не е доволно.

Агата Демараис од компанијата „Економист интелигенс" истакна дека имајќи ги предвид ограничувањата на монетарната политика, членките на Г20 можат да го поттикнат растот единствено со фискален стимул, но и тоа е дискутабилно.

**САД.**

## Почнува третманот со лекови за маларија

Американскиот претседател Доналд Трамп изјави на брифинг во Белата куќа дека лекот против маларија – хидроксихлорохин ќе почне да се употребува за лекување пациенти заразени со новиот коронавирус.




– Со задоволство ви најавувам дека во Њујорк ќе почнат клинички испитувања за постојните лекови што можат да бидат ефикасни против новиот коронавирус. Ѝ наложив на федералната влада да набави големи количества хидроксихлорохин и лекот почнува да се употребува од денеска – рече Трамп.

Според институтот „Џон Хопкинс", каде што се координираат податоците на федералните и на локалните власти, во САД се пријавени повеќе од 42,8 илјади случаи на зараза со новиот коронавирус, а само во последните 24 часа се забележани повеќе од 9.000 нови заразени лица.

# Интервју

**И покрај пресудата, доверителот и понатаму им наплаќа на исклучените преку извршители. „БЕГ“ е над судот во Стразбур? Над Уставот? Токму овие примери ја прават Македонија нефункционална држава и легло на организиран криминал.**

**„Прес-конференција“ Ана Глигорова**, граѓанска активистка



**„Прес-конференција“ е насловот на неделното мегаинтервју со познати личности од сите области на јавниот живот, од политиката, науката, културата, спортот, естрадата. Секоја среда, на овие страници на весникот, авторот на интервјуата Зоран Иванов, за своите соговорници ќе дефинира лепеза прашања од интерес за најшироката читателска публика на „Слободен печат“.**

# Барам излез од пеколниот круг на бестијална наплата

Ме допира секоја мисла на разбуден, свесен човек, кој со отворен настап, дали преку институциите на системот, преку учество на протести или со обичен статус на ФБ во кој ја образложува својата драма, или драмата која не е лично негова, но чувствува потреба да ја артикулира неправдата.

Истакнатата граѓанска активистка Ана Глигорова зборува за тоа како почнала и како мисли да го оствари својот сон за општество без должничко ропство, за граѓани што слободни ќе ја изразуваат својата креативност, за општество во кое работниците ќе уживаат во плодовите на својот труд, за чиста вода, воздух и почва, за солидарност, емпатија и среќа во заедништвото.

**● Жалите ли за Вашата прва љубов, за А1 ТВ, што всушност се случи со неа?**

- А1 телевизија, неповторлива инспирација - од уметнички видеа до информативна програма, од документарци до шоу-програма. Постои „една Македонија“ пред затворањето на А1 и „Македонија“ по затворањето на А1. Затворањето на А1 беше проследено со невиден и незапамтен терор кон еден медиум, политички мотивиран, а реализиран со употреба на големи безбедносни сили на државата. Да влезеш во телевизија со специјалци, огромна група, да вознемируваш цивили е чин на тероризам. Тој што ова го наредил, направил кривично дело и треба да биде соодветно санкциониран. Протагонистите, наредбодавачи меѓу кои некои имаат и правосилна пресуда за друго дело, се на слобода. Со чинот на болното затворање, во кое настрадаа низа вработени, кои завршија со санкции, повеќегодишни затворски казни, за дела за кои во некои европски држави би платиле само парична казна или би биле на условно. А1 е парадигма за тогашна Македонија. Дефинитивна поделба на наши и ваши. Нашите - дел од мафијата преоблечена во држава, вашите - робови на првите.

**● Феминистка или револуционерка?**

- Секако дека се наоѓам себеси во борбата против семејното насилство, еднаквост на платите, против дискриминацијата, решително против стереотипите, хегемонијата и патријархалната свест. Колку и да делува депласирано, феминизмот како политика на родово ослободување, не како нов вид хегемонија, ми е блиско. Исто како и револуцијата. Интересна е токму таа политичка сплотеност на феминизмот и револуцијата во практика. Токму во нашево општество каде што жените се тие што најчесто ми пишуваат секојдневно за повеќекратната дискриминација што ја трпат. И родова, и граѓанска, и потрошувачка, воопшто во целиот систем на наплата. А самохраните мајки се најголемите жртви во ова општество.

**● Ана Глигорова, која е всушност Ана Глигорова?**

- Од уметничкото видео како опсесија, како страст, со кое и денеска се занимавам, во кое сум ги имплементирала сите свои дилеми, размислувања за стварноста, посебно за неправдата. Вљубеник во природните науки и решавањето на егзактни проблеми, до комплексноста на општествените науки, па сè до потребата да се артикулирам како битие кое на пиедестал ги става емпатијата, солидарноста, етичното. Потребни беа години на будење, освестување за да сфатам дека сè што правам, секој атом од активизмот и политичката енергија треба да се насочи во помош на дискриминираните, сиромашните, но и во нивна едукација за и тие да соработуваат меѓу себе. За подобар, поетичен свет.

**● Од каде извираат Вашите пориви за битки за социјална правда, поради кои побуди?**

- Главниот порив е свесноста за должничкото ропство. За пеколниот круг на виртуелни долгови со астрономски камати и пренисни плати. Тука почнува социјалната неправда, во овој круг. Премалку екстремно богати, премногу многу сиромашни. Од друга страна, општествата каде што има поголема еднаквост и социјална правда се поуспешни.

**● Што лично Вас Ве допира за овој вид битки?**

- Ме допира секоја мисла на разбуден, свесен човек што со отворен настап, дали преку институциите на системот, преку учество на протести или со обичен статус на ФБ во кој ја образложува својата драма, или драмата што не е лично негова, но чувствува потреба да ја артикулира неправдата.

**● И во овие вонредни пандемски вирусни околности им се обративте на извршителите. Што им порачавте преку видеото?**

- Се обратив преку видеопорака до Комората на извршители да реализираат мораториум, замрзнување на извршувањата и а доставувања нови извршни налози во периодот пред нас, период на пандемијата. Воедно, во истото видео им се обратив и на нотарите и на доверителите и тие под итно да престанат со платни налози и со тужби.

**● Работите во медиум, во телевизија, со епидемијава премногу настани и премногу работа, издржувате ли, има ли колегијалност, солидарност?**

- Посебно е задоволството кога сте први и најиздржани во пренесувањето вистинити информации, визуелно, но и со анализа. Колегијалноста во телевизиите, не само во таа во која сега работам, е на високо ниво.

**● Ако не се плаќаат сметките, а нели нема ништо без пари, може ли да се зборува дека државата е дисфункционална?**

- Имам информации за вистински ситуирани луѓе, на моќни државни функции или во приватниот бизнис, кои со години, па дури и со децении не плаќале сметки за комунални услуги. Селективно се отпишуваа долгови во времето на бившата власт на Груевски при што се отпишуваа и долгови кон банки, заеми на граѓани или фирми. Непотизмот

**Борбата со извршителите не е завршена. Виртуелните, напумпаните суми се тука. Во еден кафкијански процес во кој живеат и стотици илјади други. Се обидувам да најдам решение, да излеземе сите од овој пеколен круг на бестијална наплата.**

и врскаџиството го поткопува системот на наплата. Граѓаните се виртуелно задолжени. Нереално. Од долг 2.000 денари нараснал на 100.000 денари. Зошто тој човек не платил навреме? Тоа е лична драма на секој поединец, што државата, ако сака да стане социјална, така е во Уставот ама на хартија, мора да го превенира овој, не претерувам, не сум патетична туку грубо реална - помор. „Неплаќачите“ не се привилегираните, не, тие се на работ. Ние од „Движењето на слободни граѓани“ се трудиме да им помогнеме на загрозените.

**● Па, нели токму и чинот на неплаќање користени добра ја прави државата нефункционална?**

- Во Македонија доверителите во најголем дел се приватни, како на пример „БЕГ“, која со години им наплаќаше паушал на граѓаните што се исклучени од системот на парно греење. Дури пред кратко време добивме пресуда од Судот во Стразбур, која е во полза на граѓаните. Но, и покрај пресудата, доверителот и понатаму им наплаќа на исклучените преку извршители. „БЕГ“ е над Судот во Стразбур? Над Уставот? Токму овие примери ја прават Македонија нефункционална држава и легло на организиран криминал. Застарени побарувања, астрономски камати. Тоа државава ја прави комплетно нефункционална во контекст на граѓанските права.

**● Културолог, видеоуметник и важите за посветен телевизиски работник, за режисерка со вонредна креативност, што најмногу Ве исполнува работно?**

- Животот и уметноста се незапирливи сили, кои заемно дејствуваат, не чекаат, се случуваат неограничено. Интеракцијата со животот, целата таа драма, влегува во крвотокот без оглед дали се кажани една или илјада вистини произлезени од креативноста. Паралелно со целата оваа силна општествена активност, се трудам да создадам барем по едно видео на неколку месеци на кое му посветувам многу внимание. Уметноста секогаш мора да биде повеќе од самата уметност. Таа не може да се сведе на естетска вистина, на изглед, на форма.

**● А што приватно?**

- Приватното и активизмот, по моја желба, веќе ми се испреплетуваат. Не можам, а да не кренам слушалка на непознат број или да не одговорам на порака во инбокс на некој граѓанин.

**● Од кога датира Вашата лична битка со извршителите?**

- Од пред шест-седум години кога за прв пат ми беше блокирана трансакциската сметка. Тогаш остварив прв контакт со извршителката. Таа ми побара да платам четири пати поголема сума од основниот долг. Не можев да сфатам дека системот е толку безмилосен што има намера да ме изеде и мене и моето малолетно дете. Ми рече дека не ѝ е гајле од каде ќе најдам пари, само да ги најдам под итно. Набргу се информирав дека жртвите како мене се бројат со стотици илјади.

**● Преку Вашите активности запознавте повеќе судбини предизвикани од извршителски последици, накусо кој е најдрастичниот пример, најболниот?**

- Пред неколку денови еден граѓанин ми напиша порака дека веќе пет години живее со исклучена струја и ме праша: Знам дека и вака, кога ми е исклучена струјата, ми тече камата, даден сум на извршител, но, Ана, дали може некако да ги замолите извршителите, а и ЕВН да пушти барем една светилка за двете малолетни деца во нивната соба? Еве, ова е социјалната неправда.

**● Како заврши Вашата лична епопеја со извршителите или трае уште?**

- Не е завршена. Виртуелните, напумпаните суми се тука. Во еден кафкијански процес во кој живеат и стотици илјади други. Се обидувам да најдам решение, да излеземе сите од овој пеколен круг на бестијална наплата.

**● Битката со извршителите ве направи популарна, врзавте многу судбини, ги извадивте луѓето на протести, Јованка Орлеанка, Жан Пол Сартр, „жолтите елеци“... кој е Вашиот социјален идол?**

- Овој франкенштајновски систем на наплата на побарувањата ме поттикнаа да организирам протести пред Министерството за правда. Тие беа континуирани во еден период од неколку месеци. Идоли немам, но личноста на Жан Пол Сартр и неговиот егзистенцијализам ми се блиски. Според Сартр, човекот е осуден на слобода и кога веќе еднаш е фрлен во овој свет, е одговорен за сè што прави.

**● Влегувате во политика, ќе разочарате многумина поддржувачи лепејќи се за политичка партија или не држи констатацијава?**

- Аполитични луѓе не постојат, постојат само политички неписмени. Тие што тврдат дека политиката не ги интересира, посебно ако се граѓански активисти, во суштина се комформисти или опортунисти. Секогаш го прифаќаат ставот на власта за многу есенцијални прашања. Бертолд Брехт напишал: „Најлоша од сите видови неписменост е политичката неписменост. Политички неписмената личност не слуша, не зборува, не учествува во политичките случувања. Таа не знае дека трошоците за живот, цената на гравот, рибата, брашното, киријата, чевлите, лековите зависат од политичките одлуки. Политички неписмената личност е до толку е глупава, па е и горда и се удира во гради говорејќи колку ја мрази политиката. Тој имбецил не знае дека од неговото политичко незнаење се раѓаат проституција, напуштени деца и најлошите од сите крадци, лошите политичари, корумпирани и поткупени од локалните и мултинационалните компании“. Цитатов е долг, но морав интегрално да го напишам за да објаснам дека голем дел од граѓанскиот активизам е насочен кон социјалната политика. Дека навлегува и во економската политика. „Движењето на слободните граѓани“ влезе во коалиција со политичка партија со силен граѓански предзнак, не соединувајќи се, ние не сме членови на Граѓанско-демократската унија, ние само заеднички настапуваме



на овие избори. Впрочем, целосната реторика на овие избори ќе биде во контекст на правната, економската и социјалната сигурност на граѓаните.

**● Партискиот ангажман, новата битка да станете и пратеник, подразбира ли и социјална еволуција, ќе амнестирате неплаќања, кој Ви е основниот мотив да барате столче во Собранието?**

- Суштината на нашето делување е прелевање на граѓанскиот активизам во поширок спектар на политичкото делување, а повеќе во контекст како движење отколку како партиски ангажман. Политика која се темели врз ослободување на човекот од финансиското ропство во кое се втурнати стотици илјади луѓе буквално ограбени од криминогената спрега на доверители, банки, нотари, извршители, агенции за наплата. Конечната цел е слободата на поединецот. Да не постои човек кој би бил неплаќач затоа што не по своја вина е сиромашен. Извршителите би работеле по судовите како во една развиена Германија, на пример. Зборот неплаќачи во цивилизираниот свет не постои. Никој такво нешто нема да стимулира. Ќе се стимулира власта за ревизија на целиот систем на наплата, на целиот систем на извршувањето.

**● Функцијата пратеник сама по себе носи и бaeги лични социјални привилегии, ќе ги изневерите ли довчерашните собoрци од уличните протести?**

- Заедно со Марјан Ненов, исклучителен борец за граѓански права, ќе продолжиме со активности надвор од законодавниот дом со отворање канцеларија за граѓаните за бесплатни правни совети. Никој нема да биде изневерен, ние ќе бидеме повторно на улица кога ќе треба, со граѓаните, кога тие ќе нè повикаат.

**● Ќе Ви биде ли непријатно ако Ви префрлат дека сте станале фотелјашка?**

- Никогаш не сум била опортунист, комформист. Напротив, ми биле одвратни овие појави. Посебно фотелјите како симбол на моќ и реализирање фрустрации. Тоа не е за мене, тоа е за медиокритети кои ако не дојдат до позиција, не би биле лично реализирани. Народни луѓе, а не фотелјаши во Собрание!

**● Накусо, кои се засега системските ефекти од Вашите битки со извршителските извршувања, со каматите, со роковите?**

- Успеавме да влијаеме врз законодавниот дом да донесе закон за отпис на каматите за побарувањата кон јавните претпријатија заклучно со 2017 година. Околу тарифата, бидејќи промената во законот се однесува за новите налози, рано е да се даде мислење за ефектот. Каматите се посебен проблем, треба да се направат измени во Законот за облигациони односи за и тие да се лимитираат.

**● Натаму, што е следно?**

- Борба за спасување на секој човек посебно. Толку предмети има што се сомнителни, кои изобилуваат со прекршоци и кривични дела, што ќе ни треба тим и време да го прочешламе овој организиран криминал.

**● Ако станете пратеник, продолжувате ли со улични битки за социјална правда или енергијата ја селите во неефикасните институции?**

- Продолжуваме со Марјан Ненов и со исклучителниот активист Дарко Поповски неуморно да протестираме по секоја цена кога е потребно по барање на граѓаните. Тоа ни е во крвта.

**● Социјализмот е Вашата идеолошка матрица или не баш?**

- Социјализмот ми е најблизок како идеолошка матрица и сметам дека е најблизок на хуманата страна на човекот.

**● Сонувате општество по Ваш вкус, можна ли е ронка јаве во сонот?**

- Сон за општество во кое нема да постои должничко ропство, за граѓани што слободни ќе ја изразуваат својата креативност. Сонувам за општество во кое работниците ќе уживаат во плодовите на својот труд. Сонувам за општество во кое учениците ќе анализираат, а нема да вежбаат меморија како што е сега. За чиста вода, воздух и почва. Солидарност, емпатија и среќа во заедништвото.

**● Кој Ви е овдешниот политички идол?**

- Идоли немам, постојат неколкумина личности што ги почитувам.

**● Од надвор?**

- Го почитувам Берни Сандерс.

**● А историски?**

- Почит за Мартин Лутер Кинг.

## Системот за наплата е криминоген

**● А зошто ги обвинувате извршителите, нели тие се потпираат на законите, што е со законодавецот, пратениците, нели народни избраници?**

- Целиот систем на наплата е криминоген. Од чинот на блокирање на трансакциската сметка, кој замислете се наплаќа по 2.000 денари, банката наплаќа трансакција, а таа не е доверител, за можеби основен долг помал од тие 2.000 денари, па до извршителот, се надоврзуваат нотари, адвокатски здруженија, па и самиот доверител кој многу често се појавува премногу доцна со побарувањата. Држава сме во која со префрлањето на стотиците илјади предмети од судовите кај приватно-јавните извршители до 2011 година, со еден член во законот донесен во Собранието, се прекинало застарувањето во текот на трансферот. Апсолутното застарување според Законот за облигациони односи во оваа држава е 10 години. Со прекинувањето на застарувањето се пролонгира наплатата. Извршните исправи се држат долго време од страна на извршителите. Потоа проблемот со антидатирањето на судски одлуки, кое ако се сака може лесно да се докаже, може да ви се случи да ви дојде побарување старо 22 години. Како компарација, за убиство казната би застарела за 20 години, но побарувањето за смет нема да застари. Ќе ви се појави како гром од ведро небо со сума од 1.000 денари нарасната до 50.000 денари. Овој феномен го нема никаде во цивилизирана Европа. Но, овде владее „сваровски“ правосуден систем. Вакво осиромашување на граѓаните со астрономски суми на побарувања се коси со здравиот разум. Јавна тајна е дека станува збор за добро организирана и уиграна спрега: доверител, нотар и извршител. Секако, не се сите извршители, доверители и нотари во оваа шема. Ревизија!

# Гастрономија

Едно корисно искуство вреди повеќе од сите правила на мудроста.

**Разубавете се.**

# Негувајте ја кожата на лицето со состојки што ги имате во кујната

**Подгответе си домашни хранливи маски за регенерација на кожата на лицето и тоа маски што можете да ги подготвите од веќе купените намирници што ги имате во кујната.**

Доколку немате идеја како да си го олесните престојот дома, сега во овој период кога движењето е строго ограничено поради опасноста од коронавирусот, обидете се самите да изнајдете креативни начини како да се разубавите. Затоа, подгответе домашни хранливи маски за регенерација на кожата на лицето и тоа маски што можете да ги подготвите од веќе купените намирници што ги имате во кујната.

### Маска за враќање на природниот сјај

За да ја подготвите оваа маска за лице што ќе ви го врати сјајот на кожата, земете една банана и со виљушка убаво испасирајте ја. Во бананата додајте сок од еден портокал и една супена лажица мед. Убаво измешајте ги сите состојки.

Добиената маска намачкајте ја на лицето и оставете ја околу 15 минути. Потоа измијте ја со млака вода. На крај, нанесете хидратантен крем за лице.

**СОВЕТ:** Оваа маска е наменета за сите типови кожа.

### Маска за мрсна кожа

Во сад, изматете неколку жолчки од јајца, една лажичка мед, една лажица овесна каша и една лажица маслиново масло.

Состојките убаво измешајте ги и нанесете ги на лицето. Оставете да делуваат околу 30 минути. Потоа само измијте го лицето со млака вода.





### Маска за намалување на брчките на лицето

За да ја подготвите оваа маска, потребно е да изматите една белка, а потоа да додадете една супена лажица мед како и сок од половина лимон. Убаво измешајте ги овие состојки, а потоа нанесете ги на лицето. Вака подготвената маска оставете ја да делува околу 10 минути. На крај само убаво исплакнете го лицето со млака вода.

### Маска за суво лице

И за подготовка на оваа маска треба да испасирате една банана со средна големина. Во неа додајте една лажица мед како и една лажичка сода-бикарбона. Состојките убаво измешајте ги и нанесете ги на лицето.

Маската чувајте ја на лицето околу 10 минути, а потоа едноставно исплакнете ја. Резултатите ќе бидат видливи веднаш.

**Лесно и едноставно.**

## Самите направете витамин Ц во прав

• Внесувањето на витаминот Ц во организмот е многу важно бидејќи ни овозможува зајакнување на имунитетот, подобрување на работата на виталните органи како и зголемување на концентрацијата.

Сепак, луѓето секогаш не се во можност во текот на едно деноноќие да изедат поголемо количество овошје какви што се лимони, портокали, мандарини...

Токму затоа, во обид да го зајакнат имунитетот, сè поголем број луѓе се одлучуваат да пијат таблети, во кои е концентриран овој исклучително важен витамин.

Сепак, верувале или не, наместо да пиете таблети, самите и тоа во домашни услови можете да направите витамин Ц во прав и тоа во неограничено големи количини.

Сè што треба да направите е да си купите некое цитрусно овошје како што е лимон, лимета или, пак, портокал и мандарина. Потоа овошките убаво измијте ги и оставете ги да искиснат во сода-бикарбона и вода околу 5 часа.

Повторно измијте ги, излупете ги и оставете им ја кората убаво да се исуши.

Кога кората ќе биде доволно сува, ставете ја во блендер и убаво измиксирајте ја.

Вака добиениот витамин Ц, можете да го растворате во вода или пак да го додавате во омилените јадења. Рокот на вака подготвениот витамин Ц е три месеци.



**Рецепти.**



## Лазања со палачинки

**СОСТОЈКИ:**

- 5 јајца
- 300 грама мелено месо
- малку шеќер
- брашно
- 200 грама шампињони
- 2 главици кромид
- 2 чешниња лук
- 200 грама доматно пире
- сол, црн бибер

**ПОДГОТОВКА:**

Измешајте ги водата, брашното, солта и шеќерот како и петте јајца. Смесата што ќе ја добиете, треба да биде течна. Од оваа смеса направете палачинки. Откако ќе ги направите палачинките, почнете со подготовка на филот. Во тава на оган ставете да се испржи исечканиот лук и исечканиот кромид. Кратко пропржете, а потоа во нив додајте го меленото месо. Убаво испржете го, а потоа додајте ги и печурките како и доматното пире. Убаво издинстајте ја целата смеса. Зачинете и вака подготвениот фил тргнете го настрана и почекајте да се излади. Потоа, во подмачкана тава ставете еден ред палачинки, а врз нив ставете дел од филот. Врз него ставете повторно палачинки. Ваквата постапка повторувајте ја додека не ги потрошите сите палачинки и целиот фил. На крај, доколку сакате, можете да ги прелиете со неколку изматени јајца и одозгора да изрендате кашкавал. Вака подготвената лазања од палачинки печете ја во претходно загреана рерна на температура од 200 степени и околу 20 минути.

## Брз фитнес куглоф



**СОСТОЈКИ:**

- 400 грама овесни снегулки
- 3 јаболка
- 2 лажици масло за јадење
- 250 грама јогурт
- 1 прашок за печиво
- 1 лажичка цимет
- 100 грама мед
- 3 јајца
- 2 лажици какао во прав
- 100 грама ореви

**ПОДГОТОВКА:**

Измијте ги, исчистете ги и излупете ги јаболката и од нив, со помош на рачен миксер, изработете пире. Во добиената смеса, додајте ги овесните снегулки и убаво измешајте. Во посебен сад, издвојте ги белките од жолчките, а потоа со миксер, пенесто изматете ги белките заедно со медот. Жолчките изматете ги пенасто и во нив додадете ги изматените белки, мешајќи со лажица. Во добиената смеса, ставете ги и јогуртот, маслото за јадење, брашното кое ќе го просеете, циметот, прашокот за печиво како и ситно исечканите ореви. Мешајте со лажица. Добиената смеса, ставете ја во подмачкан калап за подготовка на куглоф и печете во претходно загреана рерна на 200 степени околу 40 минути.

Можеби не се сите луѓе добри, но секој има нешто добро во себе. Не заборавај дека и светецот има минато, исто како што и грешникот има иднина.



**Симптоми на коронавирусот.**

# Како да знаете дека имате зголемена температура без топломер?

**Нормалната телесна температура се движи од 36 до 37 степени на површината на кожата, а на слузницата (усната шуплина и ректално), како и во увото, за половина до еден степен повеќе.**



Порастот на телесната температура е воедно и знак за постоење болести, помага при следење на тежината и текот на болеста, а има и заштитна улога во организмот, бидејќи стимулира неспецифичен имунолошки одговор.

Нормалната телесна температура се движи од 36 до 37 степени на површината на кожата, а на слузницата (усната шуплина и ректално), како и во увото за половина до еден степен повеќе. Покрај тоа, природно, температурата во утринските часови е пониска за околу 0,3 степени Целзиусови од онаа во вечерните часови.

Зголемена температура е кога е повисока од 38 степени. Над 39 степени се смета за висока температура. Ректално или во уво, за благо зголемена температура се смета онаа над 37,5, онаа над 38,5 за значајно покачена, додека над 39,5 степени за многу висока температура, појаснуваат лекарите.

Еден од најзабележливите симптоми на зараза е зголемената температура. Но, како да знаете дека ја имате без топломер при себе? Еве неколку информации.

### Што е зголемена температура?

До неа доаѓа кога температурата на телото станува повисока од вообичаено и е еден од симптомите на коронавирусот.

### Ова се препознатливи симптоми:

- Потење
- Треска
- Главоболка
- Болка во мускулите
- Болни очи
- Губење на апетитот
- Нервоза
- Дехидратација
- Отечени лимфни јазли
- Чувство на општа слабост



### Како да знаете дека детето има температура?

Симптомите кај децата може да се разликуваат:

- Нервоза
- Незаинтересираност
- Црвена кожа
- Бледо лице
- Тешкотии при голтањето
- Одбивање храна и вода

Во потешките случаи може да почувствувате и некои невообичаени симптоми:

- Голема сонливост
- Збунетост
- Силна болка во телото
- Невообичаен исцедок од матката
- Болка при уринирање
- Кожен осип
- Повраќање и мачнина



## Губење на чувството за мирис е нов симптом од заразата со коронавирус



Познато е дека симптомите на ковид-19, болест предизвикана од коронавирусот, се треска, кашлица и останување без здив.

Оториноларингологите сега предупредуваат на уште еден симптом за кој веруваат дека е поврзан со болеста - аносмија или губење на чувството за мирис.

Аносмија е ненадејно губење на мирисот, но без назална опструкција, понекогаш придружено со губење на чувството за вкус (агеузија).

Неколку лица со ковид-19 пријавиле аносмија како еден од симптомите, изјави првиот човек на францускотo Министерство за здравство, Жером Саломон.

Инфицираниот француски кошаркар Руди Гоберт, кој игра за Јута џез во САД, изјави дека го изгубил чувството за вкус и мирис.

Во случај на аносмија, треба веднаш да се повика доктор и да се избегне самолекување, предупреди Соломон.

Сепак, симптомот е доста редок и најчесто се јавува кај млади пациенти со лесна клиничка слика на ковид-19. Францускотo здружение за оториноларинголози предупреди на симптомот.

Постои очигледна врска помеѓу аносмијата и вирусот, според Жан-Мишел Клајн, претседател на Националната асоцијација на оториноларинголози.

- Не секој со ковид-19 ќе развие аносмија, но сите изолирани аносмици, без локално воспаление, беа позитивни на коронавирусот - додава тој:

- Луѓето што доживуваат аносмија мора да се изолираат.

Сличен заклучок, кој ја поврзува аносмијата со ковид-19, дојде и од германски и од американски експерти.

# Спорт

Врз основа на информациите што ги има ИОК, решено е одложување. Одложувањето ќе дојде во фази. Ќе го одложиме ова и ќе почнеме да се справуваме со сите последици од одлуката, кои се огромни.

**Дик Паунд**, *член на ИОК*



**ЛОИ 2020** Членот на ИОК Дик Паунд тврди:

## Олимписките игри во Токио ќе бидат одложени

**Првпат член на Интернационалниот олимписки комитет експлицитно потврдува дека ЛОИ 2020 Токио ќе бидат одложени. Одложувањето ќе биде на една година, вели Паунд. Досега Јапонија и ИОК само навестуваа таква можност**



Олимписките игри во 2020 година ќе бидат одложени за една година поради коронавирус, вели членот на Интернационалниот олимписки комитет Дик Паунд, а пренесува Би-би-си. Претходно претседателот на Британскиот олимписки сојуз рече дека Велика Британија веројатно нема да испрати тим во Токио ова лето. Австралија и Канада веќе соопштија дека нема да се натпреваруваат во Јапонија.

- Врз основа на информациите што ги има ИОК, решено е одложување - рече Паунд, додавајќи дека Игрите нема да почнат на 24 јули. Интернационалниот олимписки комитет си даде четири недели да донесе одлука за иднината на летните игри, но членот на ИОК, Паунд, вели дека одлуката ќе биде објавена наскоро.

- Одложувањето ќе дојде во фази. Ќе го одложиме ова и ќе почнеме да се справуваме со сите последици од одлуката, кои се огромни. Ќе им се придружиме на Канада и на Австралија – дообјаснува Паунд.

Канада и Австралија веќе ја објавија својата одлука да се повлечат од Летните олимписки игри, а претседателот на Британскиот олимписки сојуз, Хју Робертсон, изјави дека очекува Велика Британија да се приклучи наскоро.

- Очекувам дека наскоро ќе им се придружиме на Канада и на Австралија. Ако вирусот продолжи како што предвидува владата, не мислам дека постои каков било начин да испратиме тим – изјави Робертсон.

Во неделата, Канада стана првата голема земја што се повлече од Летните олимписки игри и Параолимпијадата. Канадскиот олимписки и параолимписки комитет соопшти дека донел „тешка одлука“ да се повлече, по консултација со спортисти, спортски групи и со владата.

ИОК рече дека одложувањето е планирано сценарио. Потполното откажување на Игрите во Токио 2020, што треба да траат од 24 јули до 9 август, не е на агендата, но се разгледуваат други сценарија. Јапонскиот премиер Шинзо Абе во понеделникот му рече на парламентот на својата земја дека одложувањето би било неизбежно доколку настанот не може да се одржи на целосен начин.

Претседателот на Светската атлетска организација, Лорд Себастијан Коу, повика на Летните олимписки игри во Токио да бидат одложени. Во писмото до претседателот на ИОК, Томас Бах, Коу вели дека Олимпијадата во јули 2020 година не е ниту изводлива ниту пожелна поради кризата со коронавирусот.

Во писмото до Бах, кое следуваше на конференциски повик меѓу него и претседателите на областа на олимписките федерации, Британецот Коу рече: „Никој не сака да ги види Олимписките игри одложени, но, како што реков јавно, не можеме да го одржиме настанот по цена на безбедноста на спортистите“.

**Формула 1**

## ГН на Азербејџан осмата одложена трка

Како што официјално информираат првите луѓе на Формула 1, Големата награда на Азербејџан е одложена поради пандемијата на коронавирусот. Организаторите соопштија дека во соработка со Ф1, подоцна ќе се одреди новиот датум во текот на 2020 година. Трката на улиците на Баку е осмата одложена оваа сезона, по Австралија, Бахреин, Виетнам, Кина, Холандија, Шпанија и Монако. Тоа значи дека нема да гледаме трки од шампионатот Формула 1 барем до средината на јуни.



Трката за ГН Азербејџан беше закажана за 7 јуни. Засега нема информации за одложување на наредната трка, гран при на Канада во Монтреал закажана за 14 јуни.

Таа трка е исто така доведена во прашање, откако Канада претходно стана првата држава што се повлече од Олимписките игри во Токио.

**Атлетика** ИААФ

## Светското првенство нема да се одржи во 2021 година

Светската атлетска асоцијација е подготвена да го одложи Мундијалот во 2021 година доколку Меѓународниот олимписки комитет (ИОК) ги одложи Олимписките игри во 2020 година во Токио (Јапонија) за една година.



- Веќе разговаравме со организацискиот одбор на Светското првенство за ситуација во која Олимпијадата би била одложена за една година. Подготвени сме за таков развој на настаните и нема да ни биде проблем со одржување на првенството на други датуми - се вели во соопштението на атлетската организација.

Светското првенство во атлетика треба да се одржи од 6-ти до 15 август 2021 година во САД.

**Кошарка.**



## Обрадовиќ се враќа во Панатинаикос?

Најтрофејниот европски тренер на сите времиња би можел ова лето да се врати во редовите на Панатинаикос. Жељко Обрадовиќ веќе двапати одби да потпише нов договор со Фенербахче, додека Панатинаикос е во потрага по наследник на Рик Питино, кој се врати во САД поради пандемијата на коронавирусот.

Помеѓу членови од клубот на Истанбул и администрацијата беа откриени симптоми на опасната зараза. Потсетуваме дека српскиот стратег го водеше ПАО во периодот од 1999 до 2013 година и со „зелените“ успеа дури 12 пати да биде шампион на Грција и освои седум национални куп трофеи.

Доколку Обрадовиќ одлучи да го напушти составот на Фенербахче, Турците ја гледаат замената во Шарунас Јасикевичиус.

**Апел** Македонските спортисти помагаат во кризата со коронавирусот

# Трстена, Дибиров, Ѓуроски ви велат „остани дома“

**Во услови на пандемија спортот сопре како и повеќето други активности низ целиот свет. Популарните спортисти и спортски величини, во услови на пауза, со апели се обидуваат да влијаат врз јавноста, да се останува дома**

Нашиот најтрофеен олимпиец и великан на Македонскиот олимписки комитет Шабан Трстена, ракометарот на Вардар Тимур Дибиров, кошаркарот Стојан Ѓуроски, се меѓу многуте спортисти во земјава и во светот кои со своите апели преку социјалните мрежи се обидуваат да помогнат во услови на криза. Нивните апели се сите што можат да останат дома, со тоа да помогнат да се ограничи ширењето на коронавирусот.

- Од првиот ден направив лесен тренинг во мојот двор, со силна волја сите заеднички да се избориме против коронавирусот. Треба и малку релакс, тоа е вистина, но треба и многу да внимаваме. Остани дома, не излегувај многу надвор, зашто потоа може предвреме да имаш работа со свештени лица. Затоа внимание, размисли за животот, за твојот живот, за твоите фамилија, роднини и пријатели. Јас останувам дома, те молам, остани и ти – вели Трстена, кој е спортист на векот во Македонија, а меѓу многуте трофеи го има и највредниот, златен медал од ЛОИ Лос Анџелес во 1984 година.



↑ **Тимур Дибиров**

Сличен пример со видеоклип даде и Тимур Диборов, долгогодишниот член на Вардар, кој формата ја одржува од дома, а „му помага“ ќеркичката.

Стојан Ѓуроски, кошаркарски репрезентативец, привремено го напушти францускиот клуб Евре и да се врати во Македонија за да биде блиску до неговото семејство. Ковид-19 ги запре сите спортски активности, а нашиот кошаркарски репрезентативец го стави во самоизолација 14 дена во неговиот дом во Скопје. По првата „поминатата“ седмица, Стојан Ѓуроски испрати и порака до своите клупски соиграчи и другиот стручен и технички персонал во Алм Евре Баскет, која ја стави на клупскиот фејсбук-профил:

-Здраво на сите! Поради ситуацијата со вирусот, решив привремено да го напуштам Евре и да се вратам во Македонија, непосредно пред да ја затворат границата. Беше многу стресно и тешко да се донесе оваа одлука, но сакав да бидам блиску до моето семејство во овие тешки времиња. Значи 14 дена, дома сум во карантин каде што не можам да излезам или да добијам посета. Како сè уште да живеам во Евре, бидејќи ги гледам само моите пријатели и семејство на социјалните мрежи. Секој ден изгледа исто и поминувам многу време на „Нетфликс“, читање книги или вежбање. Се надевам дека ситуацијата ќе се врати во нормала што е можно побрзо и ќе можеме повторно да ја почнеме сезоната. Грижете се за себе и најважно, останете дома! Можеме да го направиме тоа! – се зборовите на Ѓуроски. Слични апели упатија и други спортисти од Македонија.



↑ **Шабан Трстена**



↑ **Стојан Ѓуроски**

**Италија** – Наполи се пишмани

## Елмас и соиграчите сепак нема да тренираат

Пред неколку денови калчолигашот од Неапол објави информација дека на 25 март ќе има утринска тренинг-сесија. Ваквата одлука на Наполи наиде на бурни реакции кај навивачите на овој клуб, кои сметаат дека поради епидемијата на коронавирусот, не е паметно во овој период „наполитанците“ да тренираат.

После Лацио, кој исто така доби критики поради најавите дека ќе тренира, и екипата од „Сан Паоло“ донесе одлука да ги откаже закажаните тренинзи.

– Наполи сака да ве извести дека сите спортски активности се суспендирани на неодредено време. Датумот на новиот почеток на тренажниот процес ќе биде објавен во согласност со развојот на здравствената и безбедносната состојба и со вирусот ковид-19 – соопштија од Наполи.



До прекинот на сезоната во италијанската Серија А, македонскиот репрезентативец Елиф Елмас и неговите соиграчи се наоѓаа на шестото место со 39 бода. Во Италија се потврдени повеќе од 60.000 активни случаи на коронавирус, излекувани се повеќе од 7.000 лица, а починати над 6.000.

**Англија**

## Манчестер јунајтед ќе го задржи Одион Игало

Манчестер јунајтед нема никаква дилема, веќе ги информираше Кинезите дека ќе го откупи договорот на Игало (од Шангај Шенхуа) за 15 милиони фунти. Се очекува Нигериецот еден месец пред истекот на позајмицата, на последниот ден на мај да потпише договор со клубот од „Олд Трафорд“. Шангај бара околу 18 милиони евра за играчот, што премиерлигашот се очекува да ги плати, воедно Игало е подготвен да прифати да игра за помала плата со цел да остане во Премиер лигата.

Поранешниот играч на Ватфорд во Азија има огромни 17 милиони евра по сезона, додека Јунајтед му плаќаше нешто помалку од половината на тој договор. Сумата би можела да биде слична, околу седум милиони евра годишно во договорот на Игало, што исто така значи откажување од големи суми за да остане во Европа.



Норвешкиот менаџер Оле Гунар Солксјер ќе има помалку грижи, африканскиот напаѓач како замена за повредениот Маркус Решфорд, одигра осум натпревари за Јунајтед, беше стартер на три, постигна четири гола и запиша една асистенција.

**УЕФА.**

## Одложени финалните натпревари во ЛШ и во ЛЕ

Европската фудбалска асоцијација (УЕФА) реши да ги одложи финалните натпревари во Лигата на шампиони и во Лига Европа поради пандемијата на коронавирусот.

Натпреварот за титулата во ЛШ беше планиран на 30 мај во Истанбул, а за трофејот во ЛЕ на 27 мај во Гдањск. Новите датуми ќе бидат познати дополнително.

- Сè уште нема одлука за новите датуми. Работната група што ја формиравме во минатата недела ќе ги анализира можните опции. Веќе почна со разгледување на календарот и одлучи да бидат донесени во најскоро време - соопшти УЕФА, која пред неколку денови го одложи и Европското првенство за наредната година.

# Забава

## Занимливости.



## Страшно неуредни луѓе што одвај дочекале да работат од дома

• Додека трае светската пандемија на коронавирус, повеќето луѓе се упатени да работат од дома. А, за некои, ова е идеална можност малку да здивнат и максимално да ја адаптираат домашната канцеларија на својот стил на живот.

Но, од друга страна, тие целосно се запуштиле, така што нивното работно катче повеќе наликува на депонија отколку на домашна канцеларија.

Погледнете ги овие примери на неуредни работници, кои дури и во време кога смртоносниот коронавирус коси, не нашле волја да ја одржат уредноста и хигиената на својот простор.







## ВИЦОВИ

**КУКАВИЦА**

Во еден квиз Мујо одговара на прашање за милион евра: Прашањето гласи:

- Која птица нема гнездо?

а. Врапчето

б. Ластовицата

в. Кукавицата

Размислува Мујо и на крајот бара помош од пријателот, го повикува Хасо.

Организаторите на квизот му се јавуваат на Хасо, а тој по кратко размислување вели:

- Кукавицата!

Мујо го послушал и освоил милион евра. Утредента Мујо го кани Хасо во кафеана да го почести. Кога седнале, Мујо прашува:

- Ајде кажи ми, Хасо, како знаеше дека токму кукавицата е птица што нема гнездо?

Хасо го гледа, па вели:

- Е, па, јас сè сфаќам! Од каде на кукавицата гнездо кога живее во часовник!

**ПАПАГАЛ**

Влегува Трпана во продавница за домашни миленици и здогледува папагал по евтина цена. Продавачот ѝ објаснува дека тој папагал живеел во јавна куќа, којзнае што таму научил, затоа цената е ниска. На Трпана тоа не ѝ пречело и го однела папагалот дома. Штом влегла дома, папагалот почнал:

- Нова куќа, нова мадам!

Трпана се насмеала и ја викнала ќерката. Папагалот викнал:

- Нова куќа, нова мадам, нова девојка!

Се насмеале и двете, ете ти го и Трпе. Папагалот:

- Нова куќа, нова мадам, нова девојка, здраво Трпе!




**ДЕН НА ЖЕНИТЕ**

Разговараат Трпе и Блажо, па едниот го прашува другиот:

- Трпе, една работа не ми е јасна, што е тоа „Ден на жените“?

- Тоа ти е, пријателе, исто што и „Ноќ на вештерките“, само преку ден.

**СМРТНА ПОСТЕЛА**

Мујо лежи на смртна постела, Фата плаче покрај него и го држи за рака. Мујо ја прашува:

- Фато, дали сакаш да ми ја исполниш последната желба?

Фата почнува да плаче неутешно и вели:

- Да, мој Мујо, само ти кажи!

Мујо онака слаб, одвај шепоти:

- Фато, сакам за шест месеци да се омажиш за Хасо.

Фата збунето го погледнува и го прашува:

- Мујо, од каде ти е идејата баш за Хасо, ти никогаш не го поднесуваше, рече дека го мразиш повеќе од сè?!

Мујо со последните сили ѝ вели:

- Токму затоа, Фато, токму затоа...

**ТЕШТА**

Му дошла на Трпе на гости мајката на Трпана. Трпе ја прашува тештата:

- Колку ќе останете кај нас?

Тештата одговара:

- Додека не ви здодеам.

Трпе ѝ возвраќа:

- Зошто толку кратко?!

## Деновиве пред години.







**1611.** Роден е Евлија Челебија, турски патописец. Од 1630 година речиси без прекин патувал по Османлиското Царство и надвор од него учествувајќи во воени походи. Водејќи воени белешки, низ разговори со стари луѓе за обичаите и настаните, копајќи по старите архиви, напишал патопис во 10 тома и оставил скапоцени сведоштва за балканските народи и простори. Пропатувал и низ голем дел од Македонија, при што оставил скапоцени сведоштва за македонските градови, со богат историски и етнографски материјал. Умрел во 1682 година.

**1873.** Во селото Осој, Дебарско, е роден Нестор Алексиев Мирчевски, последен од големата тајфа македонски резбари. Зад себе оставил големо дело, кое може да се сретне во резбарските иконостаси во Македонија и во други балкански земји. Во 1939 година ја освоил првата награда на Светската изложба на уметничкото занаетчиство во Берлин. Умрел во Скопје, на 17 јули 1969 година.

**1997.** Австралискиот сенат го укинал законот за евтаназија, единствен закон во светот според кој било дозволено (само)убиство на пациентите што боледуваат од неизлечиви болести со помош на медицинскиот персонал.

**2002.** Афроамериканката Хали Бери го добила Оскарот за главна улога во филмот „Балот на монструмите“. Таа е првата црнкинка што ја добила оваа награда.

**2004.** Претседателот на Либија Моамер ел Гадафи во бедуинскиот шатор го примил премиерот на Велика Британија, Тони Блер. Блер бил првиот британски премиер штој бил во официјална посета на Либија по посетата на Винстон Черчил во 1943 година.

## Избор од ТВ-програмата



**19:00** 24 ВЕСТИ
**Женски Рај**
сериски филм



**22:00** АЛСАТ М
**Економски магазин**
емисија за економија



**19:40** СИТЕЛ
**Истанбулска невеста**
сериски филм

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

| | |
|---|---|
| 09:50 | Детска драма не е празна слама |
| 10:30 | ТВ училница |
| 12:15 | Бушава азбука |
| 13:50 | Пејачи и песни |
| 17:45 | Градски водич |
| 18:55 | Бушава азбука |
| 20:15 | Агенда 35 |
| 20:45 | Преспав |
| 23:15 | Темни улици - филм |

### ТЕЛМА
вести 12:30 15:30 18:30

| | |
|---|---|
| 10:35 | Градини – емисија |
| 12:45 | Телма Амбуланта |
| 13:45 | 90 минути – забавна емисија |
| 16:15 | Црвена линија – емисија |
| 17:30 | Велвет – играна серија |
| 19:15 | Топ Тема – инфор. програма |
| 20:35 | Топло - ладно – серија |
| 22:10 | Наркос – играна серија |
| 23:15 | Последниот преживеан - филм |

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:55 | Здраво Македонијо |
| 10:00 | Ние и вие |
| 12:00 | Македонски приказни |
| 18:40 | Само вистина! |
| 19:40 | Огледало – серија |
| 20:00 | Лото извлекување |
| 20:45 | Вести - Корона во Македонија |
| 21:00 | Забрането јаболко – серија |
| 22:00 | Тажна жена – серија |

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07.00 | Македонија Денес |
| 10.15 | Фактор Здравје |
| 11.00 | Во Тек |
| 16.00 | Очи в очи |
| 17.45 | Отворено Студио |
| 20.40 | Столици |
| 21.45 | Ај не замарај - серија |
| 23.00 | Флексија |
| 23.30 | Женски Рај - серија |

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06.00 | Ја сакам Македонија |
| 11.20 | Македонски стари приказни |
| 12.10 | Практична жена |
| 17.00 | Брза кујна |
| 17.50 | Се или нешто |
| 19.40 | Истанбулска невеста – серија |
| 21.00 | Другото име на љубовта – серија |
| 22.00 | Близнаци – серија |
| 23.35 | Полицајци почетници – серија |

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07:00 | Документарна програма |
| 08:00 | Нов ден |
| 11:15 | Со стил |
| 16:40 | Попладне |
| 17:25 | Бескрајна лубов - серија |
| 17:50 | Прости ми – серија |
| 19:45 | Држиме за рака - серија |
| 20:45 | Мојата керќичка - серија |
| 22:00 | Економски магазин |

### HBO



Убавицата и ѕверот 15:40

| | |
|---|---|
| 06:00 | ВОЛШЕБНИ ПРИКАЗНИ |
| 07:40 | Национално богатство |
| 09:45 | Тимот „Г“ |
| 11:15 | Кралот Лав |
| 13:10 | Готвачка романса |
| 14:35 | Дамбо |
| 15:40 | Убавицата и ѕверот |
| 17:45 | Фантастични ѕверки: Злосторствата на Гринделвалд |
| 20:00 | Приказна за играчките 4 |
| 21:40 | Вествролд |
| 22:40 | Капетанка Марвел |
| 00:45 | Петок тринаесетти |
| 02:20 | Ноќ за игри |
| 04:00 | Покерџии |

### HBO 2



Приказната 15:30

| | |
|---|---|
| 06:55 | Книга за џунглата |
| 08:40 | Алита: Борбениот ангел |
| 10:40 | Осум дена |
| 11:30 | Фоси/Вердон |
| 12:40 | Младиот Шелдон III |
| 13:00 | Аладин |
| 15:05 | Современо семејство |
| 15:30 | Приказната |
| 17:25 | Британија II |
| 18:10 | Последици II |
| 19:00 | Кесл Рок II |
| 20:20 | Раскажи ми приказна II |
| 21:10 | Градот на гревот |
| 23:15 | Рѓа и коска |
| 01:15 | Фаворит |



### ПРИКАЗНА ЗА ИГРАЧКИТЕ 4

Вуди отсекогаш бил сигурен околу своето место во светот и дека негов приоритет е да се грижи за своето дете, без разлика дали тоа е Енди или Бони. Па, кога омилената креација на Бони, Форки, се изјаснува себеси како „отпад“, а не играчка, Вуди се обидува да му покаже на Форки зошто треба да се смета себеси за играчка. Но кога Бони го носи целото семејство на семејна екскурзија, Вуди завршува на неочекувано патување што вклучува повторно соединување со својот одамна изгубен пријател Бо Бип. По повеќе години самотија, авантуристичкиот дух на Бо почнува да се буди. Кога Вуди и Бо сфаќаат дека имаат огромни разлики кога се работи за животот како играчка, тие наскоро откриваат дека тоа се нивните најмали грижи.



### ПЕТОК ТРИНАЕСЕТТИ

Добредојдовте назад во езерото Кристал, во морничавото прераскажување на класичниот хорор филм, „Петок 13-ти“. Барајќи ја својата исчезната сестра, Клеј Милер (Џаред Падалецки) се упатува во морничавите шуми на легендарното езеро Кристал, каде ги сретнува остатоците од старите колиби кои се во распаѓање зад дрва покриени со мов. А тоа не е единственото нешто што чека зад грмушките. И покрај советот од полицијата и предупредувањата од локалните жители, Клеј оди по малкуте нешта што му го покажуваат патот во потрагата по неговата исчезната сестра, Витни (Аманда Ригети), со помош од Џена (Даниел Панабакер), млада жена која ја сретнува во групата студенти кои сакаат да минат возбудлив викенд. Но, сите тие тукушто ќе дознаат многу повеќе од она што го бараат. Тие не се свесни дека влегуваат во светот на еден од најстрашните ликови во американската филмска историја—злогласниот убиец кој живее околу езерото Кристал, вооружен со мачета остра како жилет... Џејсон Вурхес.

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.



• На професионално поле, ќе бидете под голем стрес и некои ситуации на работното поле нема да ги решите лесно како што се надевате. На емотивно поле, можно е да имате мали проблеми во бракот. Кризата никако да ја надминете, но и никој од вас двајца не сака да се потруди за тоа. Ако сте слободни, не очекувајте почеток на врска.

**Бик**
21.4 - 20.5.



• Вашите таленти денес ќе ви донесат зголемено внимание на работното место. Можно е да застанете на лидерска позиција, благодарение на смелите предлози кои ќе ги давате. Не се однесувајте строго кон оние што се на пониска позиција од вас. Успешното справување со критична ситуација ќе ве увери дека сте подготвени да се справите со сè. Верувајте им на вашите инстинкти.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.



• Денешната атмосфера ќе биде напната, но не дозволувајте ова да ви го расипе расположението. На работното место ќе треба подобро да се организирате. Само вака ќе си го олесните секојдневието. На поле љубов ситуацијата е добра. Сега е време да поработите на вашите желби и цели.

**Рак**
22.6 - 22.7.



• На професионално поле, делувате како да не можете да се контролирате, иако по природа не сте такви. Пробајте да се смирите. Постојано си поставувате прашања и доаѓате до заклучок дека поранешниот партнер најмногу ви одговарал. Е, сега, дали ќе успеете да го вратите назад во вашиот живот и дали тоа воопшто е потребно да го правите, се големи прашања што бараат длабоко размислување.

**Лав**
23.7 - 23.8.



• На професионално поле, денес ви доаѓа некое големо олеснување по убавите вести што ќе ги чуете. Денот генерално ви е поволен за работа. На емотивно поле, не ви е лесно да покажете дека сте заинтересирани за личност со која работите. А, како инаку да забележи таа личност дека ви се допаѓа?! Покажете иницијатива, но суптилно.

**Девица**
24.8 - 23.9.



• Полни сте сомнежи на работното место. И тоа не се сомнежи за вашата работна способност. Туку, вие немате многу доверба во колегите и некои работи ги криете од нив. Ако имате љубовен партнер, ве очекува поволен период во кој ќе се согласувате. Излив на нежности пријатно ќе ве изненадат. Потрудете се и вие да покажете повеќе емоции. Ве мачат хронични здравствени проблеми.

**Вага**
24.9 - 23.10.



• Ова е совршено време за да го разбудите детето во вас и да си одделите квалитетно време за забава. Смејте се наглас, танцувајте како никој да не ве гледа и дозволете љубопитноста да ве води. Ќе бидете полни со енергија 24/7 во претстојните денови. Искористете го тоа за физичка активност која ќе ве држи во форма. Вежбајте дома.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.



• Ќе се чувствувате безгрижно и ќе заборавите на проблемот што ве мачи некој период. На работното место ќе добиете многу идеи и ќе се обидете да ги реализирате. На поле љубов ве очекуваат многу позитивни промени, без разлика дали сте сингл или во врска. Ќе им ставите крај на недоразбирањата со партнерот. Проблеми со циркулацијата. Станувајте почесто од работното столче.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.



• На професионално поле, доколку сте во каков било судски процес или решавате некои формалности, ве очекува поволен период. Но, од тоа ќе добиете и голема поука за понатаму во вашите деловни договори и бизниси. Емотивно сте стабилни и убаво се чувствувате крај партнерот. Ако сте слободни, поволен ден за почеток на врска.

**Јарец**
22.12 - 20.1.



• Максимално сте ангажирани и свртени кон своите обврски. Можете да очекувате добри ситуации. И еден неочекуван финансиски добиток, кој за вас ќе биде и повеќе од добредојден. Немате сомнеж дека личноста со која сте сега е вистинската за вас. Имате добар однос со саканата личност и среќни сте кога сте заедно.

**Водолија**
21.1 - 18.2.



• Истакнете ја вашата уникатност на работното место, ќе бидете забележани од вистинските личности. Денес можно е да добиете понуда што ќе ве изненади, но ќе биде резултат на вашата напорна работа. Заслужени ќе ви бидат сите пофалби. Не бегајте од разговорите за пари со вашите најмили. Морате да бидете искрени и отворени кога е во прашање семејниот буџет.

**Риби**
20.2 - 20.3.



• Денес ќе ја добиете потребната поддршка и обидете се да најдете начин да го подобрите вашето секојдневие. На работното место ви треба промена. Добро размислете пред да одлучите што било. Во љубовта задоволни сте од вашата ситуација. Ќе сакате да реализирате некоја цел и ќе бидете пријатно изненадени од резултатите.

## Скандинавски крстозбор

**30 минути**

АВТОР: "SAGITTARIUS & OPHIUCHUS"

- УПРАВУВАЧ СО ЕДНА ЗЕМЈОДЕЛСКА МАШИНА
- УРЕД ЗА МЕРЕЊЕ ЕЛЕКТРОМАГНЕТНО ЗРАЧЕЊЕ
- Р
- ДЕЛ ОД ТЕЛОТО / НЕУПОТРЕБЕНИ
- И
- ПЕЈАЧКАТА ДЕРВОЗ / ОБЕМ
- АНА ТЕМКОВА
- МАРКА АВТОМОБИЛИ / РАП ПЕЈАЧИ
- Ф
- НА НИЕДЕН НАЧИН
- ТЕМПЕРАТУРА
- В
- ВЕРОДОСТОЈНОСТ
- ПСИХИЧКА НАПНАТОСТ / ШИНА ИСТОН
- С
- БРАТОТ НА РЕМ
- ЖЕНСКО ИМЕ
- НАПИШАНИ ПАРОЛИ НА МИТИНГ
- ПРЕСЕЛНА ПТИЦА / ЛИЧНА ЗАМЕНКА
- ВИД СПОРТИСТИ
- ОРГАНСКО ХЕМИСКО СОЕДИНЕНИЕ / ЕПОХА
- К
- ПОШТЕНСКА ПРАТКА (МН.) / ЗАРЕМ НЕ?
- ЕМИЛИЈА НАГАЛЕНО / ВИНСКА КИСЕЛИНА
- ЛЕШ, МРТВО ТЕЛО, МРТОВЕЦ / КИЧЕВО
- ПАТЕН ПРИРАЧНИК (МН.) / СЛИКАРСКИ ПРИБОР
- ЕДНОЦИФРЕН БРОЈ / СРЕДСТВО ЗА НАРКОЗА
- АРТИЛЕРИСКО ОРУДИЕ / ГОЛЕМО КНИЖЕВНО ДЕЛО
- ЖИТЕЛ НА С.А.Д. / ЖИТЕЛ ПОКРАЈ НИЛ
- ЛИНДА ЕВАНС / ПОДЛИ, НЕЧЕСНИ
- Р
- ЧЕТИНАРСКО ДРВО, ЕЛКА (МН.) / КИРЕ КОСТОВ
- КИСЛОРОД / АРТИСТОТ ФЛИН
- БРЗ, УРГЕНТЕН / АНГЛИСКИ ШАХИСТ МАЈКЛ
- АЗОТ / ВЕШТАЧКА КОЖА
- ОСТАНКИ ОД МИНАТО / ЖЕНА ШТО ЖИВЕЕ ВО НАС. МЕСТО
- ЕЛЕКТРОН / СТАРА МЕРКА ЗА ТЕЖИНА
- СПОРЕДЕН АРТИСТ / АВСТРИСКА НОВИНСКА АГЕНЦИЈА
- Ж
- РЕТОР, ГОВОРНИК / СРЕБРО (АРГЕНТУМ)
- ЗИМСКИ СПОРТ / "ОРЕГОН"
- ЈАПОНСКИ АВТОМОБИЛИСТ ТАКУМА
- МАНУСКРИПТ / АМПЕР
- ВИД МОРСКА РИБА / ЕНЕРГИЈА
- ВИД БАНКАРСКА МЕНИЦА
- СИТНА ТРГОВСКА СТОКА ЗА ЛИЧНА УПОТРЕБА

РЕШЕНИЕ: ТРАНСПАРЕНТИ, ШТРК, РАКОМЕТАРИ, СТИРОЛ, КАДАВЕР, ПАКЕТИ, ЕМИ, КИ, ИТИНЕРАРИ, ОСУМ, ТОП, АМЕРИКАНЕЦ, ЛЕ, РОМАН, ЕЛИ, О, ИТЕН, Н, РЕЛИКТИ, Е, СТАТИСТ, ЖИТЕЛКА, ОРАТОР, СКИ, САТО, РАКОПИС, ОКАН, ТРАТА, ГАЛАНТЕРИЈА

## Шах

**ПРОБЛЕМИ ВО ДВА ПОТЕГА**








## Мозаичен крстозбор

**15 минути**



5 букви: АЛАРМ, ЕСАДА, ЗЕНИТ, ОТКАЗ, ПРОЗА, РОДАН, ТОВАР, ТРАУР
6 букви: ГАРАНТ, ДАВАЊЕ, ИЛИЈАШ, МОРУНА, ОГАТАЈ, РЕОМИР, ТЕТЕКС, ТРЕНЕР, ФУРНИР
7 букви: АЈВАНХО, АРЕТИНО, ИСТАТОВ, ИСТОВАР, ИСТРАТИ, КОЛОЗОВ, НАЗАРЕТ, НАРКОЗА, САРАТОВ, ТРИГЛИФ, ШИНТЕРИ
8 букви: ЕМАНАТОР, КАРАКАЛА, КОЛОНИЈА, РАВАНИЈА, СИНОНИМИ, СТОРИТЕЛ
9 букви: АНОМАЛИЈА, АРАГОНИЈА, МОСТОБРАН
10 букви: АНДАЛУЗИЈА, КАРИКАТУРА, МАЈАКОВСКИ, МАКЕДОНИЈА, РАКОВОДЕЊЕ
11 букви: НЕВЕРОЈАТНО

## Судоку

**15 минути**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 8 | | 2 | 9 | 1 | | |
| 1 | | 6 | | | | 2 | | |
| | | | 6 | | | | 7 | 8 |
| | 9 | | | | 7 | 6 | 1 | |
| | 2 | | | | | | 5 | |
| | 1 | 4 | 3 | | | | 8 | |
| 7 | 6 | | | | 3 | | | |
| | | 5 | | | | 8 | | 9 |
| | | 1 | 9 | 5 | | 3 | | |

Решение:478529136136478295952631478593287614827164953614395782769843521345712869281956347

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | | 3 | 2 | | | 7 | 5 | |
| 1 | 5 | | | | | | | |
| 6 | | 7 | 8 | | | | | 3 |
| | | | 9 | | | 5 | 2 | |
| | | | 3 | | 1 | | | |
| | 2 | 9 | | | 4 | | | |
| 2 | | | | | 3 | 8 | | 5 |
| | | | | | | | 4 | 2 |
| | 1 | 6 | | | 2 | 3 | | 9 |

Решение:893246751152739486647815293361978524485321967729564138274693815938157642516482379

# Скандинавски крстозбор

**30 минути**

АВТОР: "SAGITTARIUS & OPHIUCHUS"

РАДИОСТАНИЦА (МН.) | ФРАНЦУСКИ ПИСАТЕЛ | ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТ | ФРАНЦУСКИ ПИСАТЕЛ ПЈЕР | Х | ЕЛИНСКА БОЖИЦА НА СМРТТА И ВЕШТЕРСТВО / ПОНД | ЧИТАЈТЕ "СЛОБОДЕН ПЕЧАТ" | ГРАД ВО ИТАЛИЈА | ДЕН НА ВОСТАНИЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД



НАШ ГРАД ВОСТАНИК 11.10.1941 (ФОТОС ГОРЕ)

ТЕТОВО / ЖИТЕЛКА НА ГРАДОТ БОР

П

АРТИСТОТ СПЕНСЕР / ДИПЛА

ПРЕТСКАЖУВАЧ НА ИДНИНАТА / ПОДРАЖАВАЧИ

СРЕДОЗЕМНО МОРЕ / ФУДБАЛЕРОТ САВЕВСКИ

Т

СТАРОЕГИПЕТСКИ ПИСАТЕЛ / ЕКС МАКЕДОНСКИ ЦАР

ПРИПАДНИК НА ГЕРМАНСКО ПЛЕМЕ

ПИСАТЕЛОТ ПОПОВСКИ / МУЗИЧКИ ЗНАЦИ

СЛИКАР НА ИКОНИ И ФРЕСКИ / ВИД ИНСЕКТ | З | ТЕЧНОСТ ОД ПОТНИТЕ ЖЛЕЗДИ | ХОЛИВУДСКИ АРТИСТ ПИТЕР | О | ВИД МИНЕРАЛ СО ЗЕЛЕНА БОЈА / АРТИСТКАТА ИПЕР | СРПСКА АРТИСТКА | СПИСОК СО ИМИЊА (МН.)

ГОЛЕМО ПРОЗНО ЛИТЕРАТУРНО ДЕЛО

ГРАЃАНИ НА СВЕТОТ / МЕРИ АСТОР

ЕНИ ЛЕНОКС

ДЕВОЈКА / ОСНОВАЧИ НА МАНАСТИРИ

ТРУЕЊЕ СО 'РЖЕНА ГЛАМНА / ДЛАБИНОМЕР

СЕВЕРНОАМЕРИКАНСКО ИНДИЈАНСКО ПЛЕМЕ

ТРГНУВАЊЕ ВО ТРКА / ФИЛМСКИ ГРАД ВО ФРАНЦИЈА

М

АНКЕР, СИДРО / ГРАДИНАРСКО РАСТЕНИЕ

ДРЖАВА ВО АЗИЈА / ГРАД НА ИСТРА (ХРВАТСКА)

СВЕШТЕНИЧКА ДОЛГА ОБЛЕКА (МН.) / ВОЛТ

ИЛИНИУМ / ВИД КУЧЕ ПТИЧАР

НЕДОСТАТОЦИ / МАЛ КОТЕЛ

ФИМЧО МУРАТОВСКИ / ВРЕМЕНСКИ ТЕРМИН

АРТИСТОТ ФИРДАУС / ПЕЈАЧОТ СЕИД - ВАЈТА

М

ЈУЖНОАМЕРИКАНСКА ПТИЦА / АФИРМАЦИЈА

ЕДИ МАРФИ / РАДИУС

БРОДСКИ ПИЛОТ / "РИБО НУКЛЕИНСКА КИСЕЛИНА"

САЛО / ПИСАТЕЛОТ ДРАЈЗЕР

РАБОТНИК НА АКОРД / ПРИСТАНИШТЕ ВО ФРАНЦИЈА

ШИБЕНИК / ИМАГИНАРЕН БРОЈ

Т

ТОНИ КЕРТИС / РЕНИУМ

ЕДЕН ЗАБ / УЧЕСНИК НА СВАДБА

НАШ ГРАД ВОСТАНИК 11.10.1941 (ФОТОС ДОЛУ)

ШКОЛСКИ ПРИБОР / ГРАДИНАРСКИ ПАРЦЕЛИ

ДИРИГЕНТОТ МАТАЧИЌ / ЈУГ

РИМА, СРОК / РАБОТНИК ВО ОРАНЖЕРИЈА

ОГИСТ КОНТ / РЕЗИЛ, БЕСЧЕСНОСТ

ИРИДИУМ

СРПСКИ ПЕЈАЧ МИКИ

"СОЈУЗНИЧКА ВОЕНА УПРАВА" / ЦРКОВЕН ДОСТОИНСТВЕНИК



ПЛАНИНА ВО БиХ / СТАП

МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТ / РИД, БРДО (ТУР.)

П

НАЈБЛИСКИ РОДНИНИ / ЗУЛФИЌАР ДЕМИР ОСМАН

Џ

КРЕДИТ, ПОЗАЈМИЦА / "ИСТОК - ЈУГО - ИСТОК"

АЗОТ / СТРАНСКО МАШКО ИМЕ (ВИЛИЈАМ)

КОЛОС, ТИТАН

СЕЛО БЛИЗУ КРИВА ПАЛАНКА / ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ

ЗБОР СО ПОГРДНО ЗНАЧЕЊЕ

ПРОСТ БРОЈ

ПИСАТЕЛОТ СВЕВО

РЕШЕНИЕ: ПРИЛЕП, ТЕ, ПРОРОК, БАД, ИМИТАТОРИ, МЕДИТЕРАН, ТОНИ, АНАНА, ПРУС, АНТЕ, РОМАН, КОСМОПОЛИТИ, ЕЛ, МОМА, ЕРГОТИЗАМ, ДАКОТА, СТАРТУВАЊЕ, МАНТИИ, КОТВА, ЛИБАН, В, ИЛ, МАНИ, ФМ, НЕБИ, МАСТ, КОНДОР, ЕМ, ЛОЦ, ТЕОДОР, АКОРДЕР, ШИ, ТЕТРАТКА, ТК, УМНИК, ЛЕИ, ЛОВРО, СЛИК, ОК, ИР, ЈЕВРЕМОВИЌ, СВУ, ВРАН, ПРИМ, ПРАТ, БРАЌА, ЏИН, ЗАЕМ, Н, ЖИДИЛОВО, ПЕЈОРАТИВ, ТРИ, ИТАЛО

Република Северна Македонија
Агенција за финансиска поддршка
во земјоделството и руралниот развој

Врз основа на член 6, став 5 и член 12, став 1, алинеја 7 од Законот за основање на Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" бр.72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16 и 164/18) а во врска со член 6, став 4 од Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска Поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2014-2020, директорот на Агенцијата за финансиска подршка во замјоделството и руралниот развој ја донесе следната одлука:

## ОДЛУКА
**за продолжување на рокот на Јавен повик 01/2020 за доставување на барање за користење за на средства од ИПАРД програмата 2014-2020**

Член 1

Оваа одлука се однесува на Јавен повик 01/2020 за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020.

Член 2

Рокот за доставување на барања се продолжува за 15 дена.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.






Врз основа на член 23, став 1, точка 10 од Законот за јавни набавки, АД за производство на електрична енергија "Електрани на Северна Македонија" - Скопје, во државна сопственост, врз, објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК Бр. 01-8/2020
## за прибирање на понуди за набавка на мазут

**1. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

1.1 Купувач по јавен повик бр. 01-8/2020 е А.Д."Електрани на Северна Македонија" - Скопје, со седиште на ул.11 Октомври бр.9, Скопје

1.2. Предметот на набавка е :

- Мазут за потребите на Подружниците на АД ЕСМ-Скопје, со квалитет согласно квалитетот определен во Тендерската Документација.

1.3 Огласот е јавен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица регистрирани за ваква дејност и кои ги исполнуваат условите од тендерската документација.

1.4 Отварањето на понудите ќе се изврши во присуство на заинтересирани понудувачи.

**2. ОБЕМ НА НАБАВКАТА**

2.1 Количините за набавката се : **15.200 тони** за Подружници на АД ЕСМ по распределба дадена во Тендерската документација.

2.2. Мазутот ќе се испорачува сукцесивно во период до целосно искористување на вкупната финансиска рамка, според потребите на Купувачот. Количините се ориентациони и не се обврзувачки за купувачот. Динамиката на испорака ќе се одвива по налог на Купувачот при што рокот на започнување на поединечните испораките неможе да е подолг од 48 часа.

2.3. Потребно е да се понуди тип на мазут кој согласно регулативите во државата моментално е одобрен за продажба и користење.

2.4. Не е дозволена делумна понуда.

**3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА**

3.1 Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.

3.2 Потекло на маслото за горење – мазут М1.

3.3 Понудата се доставува на образецот на понудата даден во тендерската документација, заедно со прилозите согласно тендетската документација.

**4. ПОДИГАЊЕ НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

4.1. Тендерската документација, заинтересираните понудувачи можат да ја подигнат по барање, на следната e-mail адреса: blagica.markovik@elem.com.mk

4.2. Контакт тел.: 02/3149-126; моб.: 070 - 274-296

**5. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:**

5.1 Документацијата која понудувачите ја доставуваат, дефинирана е во тендерската документација.

**6. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА**

6.1. Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно следните критериуми:

Најниска цена ----------- 100 бода

**7. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ**

7.1 Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса АД "Електрани на Северна Македонија", ул. 11 Октомври бр.9, Скопје.

7.2 Понудата се доставува во затворен коверт со назнака "не отварај", понуда по " јавен повик за набавка на масло за горење,мазут М1", со повикување на бројот на повикот.

7.3 Понудата се доставува преку пошта или во архивата на Купувачот.

7.4 Рокот за доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање на понудите.

7.5 Јавното отворање на понудите ќе се изврши на ден **08.04.2020 год. во 09:30 часот** во просториите на АД"Електрани на Северна Македонија", ул. 11 Октомври бр.9, Скопје во присуство на овластените претставници на понудувачите.

**8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

8.1 Секој понудувач може да учествува само со една понуда, што подразбира и неможност за давање на алтернативи во понудата.

8.2 Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на Огласот, како и оние кои немаат целокупна документација која се бара во Огласот, нема да се разгледуваат.

8.3 Претставниците на понудувачите треба да достават писмено овластување за учество на јавното отворање на понудите.

8.4. Јазик на огласот и постапката е Македонскиот јазик.

**Комисија за јавни набавки**


Побарајте ги
најчитаните изданија на
**Политика**
на сите продажни места
на
**„СЛОБОДЕН ПЕЧАТ"**
во Скопје и
во Републиката



# Можете да нè најдете на адреса

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
на нова локација во ГТЦ

работно време:
понеделник - петок
8:00 - 16:00




„Кеј 13 Ноември“, ГТЦ втор кат, локал 12 Д.Е.235, 1000 Скопје



НОВОГРАДБА www.novogradba.mk
02/2627-632, 02/2634-395 , 076/494-014

Продажба на:
-станови во градба
до Мерцедес, Скопје
двособни од 44-59м²
трособни од 69-80м²



Поволна цена, со попуст


**Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија**

**ОБЈАВУВА**

**Барање за издавање на Дозвола за испуштање на вода од атмосферска канализација во р. Вардар на КП 13677/2 КО Центар 1, општина Центар, Скопје**

Согласно член 30 став 1 од Закон за водите („Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 09/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), до Министерството за животна средина и просторно планирање доставено е Барање за издавање на Дозвола за испуштање на вода, од ЈП Водовод и канализација - Скопје со архивски бр. УП1 бр. 11/5-170/2020 од 05.02.2020 година.

**Подносител на барањето:**
ЈП Водовод и канализација - Скопје
Ул. Лазар Личеноски бр.9
Скопје

**Координати на точка на испуст во р. Вардар од атмосферска канализација на КП 13677/2 КО Центар 1, општина Центар, Скопје, според државен координатен систем:**

Испуст: X: 4 650 246 Y: 7 537 676

Информации во врска со барањето, заинтересирана јавност може да добие во Министерството за животна средина и просторно планирање на e-mail L.Zajkov@moepp.gov.ml

Засегнатата јавност, **во рок од 15 дена** од денот на објавувањето на барањето, има право да достави мислења и коментари во писмена форма до Министерството за животна средина и просторно планирање плоштад Пресвета Богородица бр.8 (II спрат), 1000 Скопје .


| Скопје | 89,7 |
|---|---|
| Битола | 106,0 |
| Штип | 103,0 |
| Струмица | 106,0 |
| Охрид | 105,4 |
| Тетово | 101,9 |
| Гевгелија | 101,5 |

КАНАЛ 77
МАГИЈА ВО ЕТЕРОТ
\KANAL77
#KANAL77
RadioMrezaKanal77
\KANAL77



Ова е место за вашите
**мали огласи**
купи, продај, барај, најди...
По цена од само
**240 денари**
неделно



Информации на телефон
389 **02 55 11 763**


• **СЕРВИСИРАЊЕ** на сите видови машини за перење садови, бојлери и шпорети сите видови фрижидери , климатизери и хемиско чистење на климатизери какои други електрични апарати.
**077/834-992**

• **БАРАМ** поефтина куќа / викендица со миниумум 1000м² двор / земја во Скопско со имотен лист, струја, вода и канализација.
**077/427-150**

• **СЕ ПРОДАВА** нива с.Стајковци 1000 м², 500 м од центарот на селото од десна страна 2 ред. Цена 20 евра квадрат.
**070/206-997**

Врз основа на Законот за Македонска банка за поддршка на развојот (Сл.весник на Република Македонија бр.105/2009) и Договорот за администрирање на Посебниот кредитен фонд (ПКФ) број 21 – 307/1 од 24.01.2011 година, Анексот кон договорот за администрирање на Посебен кредитен фонд заведен кај налогодавецот под бр.02–10369/1 од 31.08.2018 година и кај МБПР под бр.26–2132/1 од 31.08.2018 година и Анексот кон договорот за администрирање на посебен кредитен фонд заведен кај налогодавецот под бр,13-12502/1 од 18.10.2018 година и кај МБПР под бр.26-2604/1 од 18.10.2018 година и Анексот кон договорот за администрирање на Посебен кредитен фонд заверен кај налогодавецот под бр.13-3095/1 од 24.03.2020 и кај РБСМ под бр.26-795/1 од 23.03.2020 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, се распишува:

## ЈАВЕН ПОВИК БР.1
## за поднесување на апликации за директна финасиска поддршка на трговски друштва и трговци поединци регистрирани во Република Северна Македонија од Посебниот кредитен фонд

**I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Предмет на овој јавен повик е поднесување на апликации т.е. кредитни барања за доделување на средства од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), за директна поддршка на трговските друштва и трговци поединци регистрирани во Република Северна Македонија, со намена за обртни средства вклучително и средства за подобрување на ликвидноста на компаниите.

Средствата од Посебниот кредитен фонд се во сопственост на Владата на Република Северна Македонија.

Вкупниот расположив буџет за овој јавен повик изнесува 338.250.000,00 денари.

**II. УСЛОВИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА**

Средствата од Посебниот кредитен фонд ќе се доделуваат под следните услови:

**Намена на кредитот:**
За обртни средства вклучително и за подобрување на ликвидноста на компаниите.

**Износ на кредитот:**
Максималниот износ на кредитот кој ќе биде одобрен на кредитокорисникот не може да биде повисок од 1.845.000 денари, а минималниот износ на кредитот не може да биде понизок од 184.000 денари и тоа:
- на компании до 10 вработени, може да им се одобри кредит до 307.500 денари;
- на компании со 11 до 50 вработени, може да им се одобри кредит до 922.500 денари;
- на компании со 51 до 250 вработени, може да им се одобри кредит до 1.845.000 денари.

Бројот на вработени се зема од Билансот на успех од последната фискална година. Во случај да не постои ваков податок, кредитобарателот треба да поднесе изјава под полна морална, материјална и кривична одговорност за бројот на вработени со 31.12.2019 година.

Кредитите се пласират во денари без девизна клаузула.

**Начин на пласирање:**
Директно до кредитокорисникот.

Рокови на отплата:
До 2 (две) години со вклучен грејс период од 6 (шест) месеци.

**Критериуми за одобрување:**
Квалификувани кредитокорисници се трговски друштва и трговци поединци активни во класата на дејности од Листата на класи на дејности предмет на финансирање од НКД (согласно основната дејност на друштвото-прилог 1) кои ги исполнуваат следните критериуми:
- регистрирани се во Република Северна Македонија;
- најмалку 51% кои се во приватна сопственост;
- немаат неплатени даноци и придонеси, освен ако на истите им е одобрено одложено плаќање на даноците и придонесите во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа, заклучно со 31.12.2019 година;
- не се во постапка на стечај или ликвидација;
- работат подолго од 6 месеци и имаат поднесено годишна сметка во централен регистар;
- согласно финансиските извештаи за последната фискална година има главнина и резерви (наведен во билансот на состојба) не помалку од 50% од износот на бараниот кредит;
- согласно податоците од кредитен регистар на НРБСМ со состојба од 31.01.2020 година се во класификација подобра или еднаква на Б (се врши пресметка на просечна ризичност) или кои немаат кредитна изложеност;
- показателот за степенот на финансиска задолженост на компанијата треба да е помал од 4, а се пресметува како соодное меѓу вкупни обврски по заеми и кредити/ главнина и резерви. Показателот се пресметува на база на биланс на состојба од последната фискална година;
- показателот за тековна ликвидност треба да е најмалку 0,9, а се пресметува како соодное меѓу тековни средства и краткорочните обврски. Показателот се пресметува на база на биланс на состојба од последната фискална година.

За кредитокорисник трговец-поединец не се применуваат критериумите од став 1 алинеа 8 и 9 погоре.

<u>**Каматна стапка за крајните корисници**</u>
Каматната стапка за кредитокорисниците се утврдува фиксно на износ од 0% на годишно ниво.

<u>**Обезбедување**</u>
Меница од кредитокорисникот авалирана од еден од сопствениците на кредитокорисникот, со менична изјава за уредување на правата и обврските по меницата во форма на нотарски акт со извршна клаузула. Трошоците за воспоставување на обезбедувањето се на товар на кредитокорисникот.

<u>**Останато**</u>
По одобрување на средствата, кредитокорисникот ќе склучи договор за кредит со РБСМ.

III. СУБЈЕКТИ КОИ ИМААТ ПРАВО НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈА ЗА КРЕДИТ

Право на поднесување на апликација за кредит имаат сите квалификувани кредитобаратели согласно овој повик, правни субјекти трговски друштва и трговци поединци регистрирани во Република Северна Македонија со максимален број на вработени до 250.

**IV. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Задолжителна документација која заинтересираниот субјект е должен да ја достави на јавниот повик е следната:
- Апликација/Кредитно барање (образец објавен на веб страницата на банката),
- Тековна состојба не постара од 6 месеци,
- Годишна завршна сметка, (со 31.12.2019)
- Доказ за немање на достасани неплатени даноци и придонеси кон државата, – Уверение од УЈП
- Доказ за немање постапка за стечај и ликвидација, – од Централен регистар на РСМ
- ЗП образец,
- Изјава за поврзаност со други правни/физички лица, (образец објавен на веб страницата на банката)
- Изјава за постоење својство на носител на јавна функција, (образец објавен на веб страницата на банката)
- Изјава за проверка на кредитна изложеност. (образец објавен на веб страницата на банката)

**V. КРИТЕРИУМИ ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА**

Квалификуван кредитокорисник кој ги исполнува критериумите за одобрување на кредит по принципот прв дојден, прв услужен

**VI. ИЗГОТВУВАЊЕ И ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТ**

Апликацијата за учество на јавниот повик со комплетната документација се доставува исклучиво по е-маил на следната адреса: kreditiranjecovid1@mbdp.com.mk. Во предметот на е-маилот со кој се доставува апликацијата да биде наведено COVID1.

Кредитобарателот може да аплицира само за едно кредитно барање.

**VII. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Апликациите по јавниот повик се доставуваат во рок од 30 дена сметано од 26.03.2020 година.

Документите кои се доставуваат на јавниот конкурс се неповратни.

Неадекватните и некомплетни апликации нема да се разгледуваат.

Банката не сноси никакви трошоци настанати со подготовка, составување и доставување на апликациите, така што учесникот на јавниот повик нема право на надомест на било какви трошоци по основ на учество на овој јавен повик.

Банката благовремено, на е-mailот наведен во барањето од кредитобарателот и/или од Тековната состојба ќе ги извести апликантите за резултатите од јавниот повик.

Сите информации и образци поврзани со јавниот повик, може да се најдат на веб страната на банката www.mbdp.com.mk.

**ПРИЛОГ 1:**
**Листа на дејности од НКД кои може да аплицираат за кредитната линија**

| Шифра | Назив |
|---|---|
| 49.10 | Патнички железнички транспорт, меѓуградски |
| 49.41 | Товарен патен транспорт |
| 52.21 | Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| 52.24 | Претовар на товар |
| 52.29 | Останати придружни дејности во превозот |
| 55.1 | Хотели и слични објекти за сместување |
| 55.10 | Хотели и слични објекти за сместување |
| 55.2 | Одморалишта и останати објекти за пократок престој |
| 56.1 | Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна |
| 56.10 | Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна |
| 56.29 | Останати услуги за подготвување и служење на храна |
| 56.3 | Подготовка и послужување на пијалаци |
| 79.1 | Дејности на туристичките агенции и организаторите на патувања (туроператори) |
| 79.11 | Дејности на туристичките агенции |
| 79.12 | Дејности на организаторите на патувања (туроператорите) |

СП.
СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
Мозаик
Среда 25 март 2020
| Број 1918 | Година VIII |

**Сиднеј** Потерница

## Полицијата трага по крадци на тоалетна хартија

• Австралиската полиција вчера објави потерница за двајца мажи осомничени за „кражба и обид за кражба“ на тоалетна хартија во неколку супермаркети во Сиднеј.

Властите на Нов Јужен Велс објавија фотографии на осомничените, наведувајќи дека еден од нив се заканувал со нож кон вработен во еден од трговските објекти.

- Граѓаните на Нов Јужен Велс нема да толерираат криминално однесување во кое било време, а особено не во криза – изјави министерот за полиција и итни служби во оваа австралиска сојузна држава, Дејвид Елиот.

Кризата со ковид-19 во голем дел од продавниците низ Австралија предизвика недостаток на некои намирници, какви што се тоалетната хартија и одредени прехранбени и хигиенски производи.

Некаде тоа предизвика и тепачки меѓу купувачите, па трговските објекти мораа да ги ограничат количините што може да се купат. Така, особено внимание привлекува одлуката на еден супермаркет – еден пакет тоалетна да може да се купи за 3,5 австралиски долари, но ако купувачот сака два пакета, ќе треба да плати 99 долари. Ова било направено заради рамномерна распределба и да се намали т.н. алчно купување.



**Камерунски саксофонист.**

## Легендарниот музичар Ману Дибанго почина од коронавирус

• Саксофонистот, пејач и композитор Ману Дибанго почина од последици од инфекција од коронавирус на 86 години, пренесоа агенциите.

- Тој почина рано утринава, во болница во регионот во Париз – изјавил за „Франс прес“ Тиери Дирепер, кој ги водел музичките изданија на уметникот.

Роден во Камерун, Дибанго, кој свиреше саксофон и вибрафон, беше познат по специфичниот музички стил, мешавината на џез, фанк и традиционална камерунска музика.

Светски познат е по својот сингл „Soul Makossa“ од 1972 година.



**Позитивна приказна.**



# Деведесетгодишна Американка успеала да го победи коронавирусот

**Џенева Вуд од Сиетл претходно имала претрпено мозочен удар, но со силната желба за живот, успеала да го победи ковид-19**

Џенева Вуд од Сиетл, САД, на деведесетгодишна возраст, заболела од коронавирусот, но и го победила. Со тоа, таа стана симбол на надежта за илјадници заразени Американци, особено оние повозрасните, но и за милиони луѓе што деновиве живеат во страв.

Деведесетгодишната Џенева се заразила во средината на февруари, додека била сместена во дом за стари лица. Освен неа, во домот биле сместени уште 132 луѓе, а дури 60 отсто од нив заболеле. За жал, поразителните податоци говорат дека дури една четвртина од нив починале како последица на коронавирусот.

### Постојано барала да јаде домашна супа од компири

Нејзината внука Кејт Нејди во изјава дадена за „Сиетл рефајнд“ истакнала дека баба ѝ се излекувала од оваа заразна болест бидејќи отсекогаш била борец. Нејзината внука посочила дека додека Џенева била во болница, целото семејство постојано ѝ давало морална поддршка и постојано ја бодреле и ѝ зборувале дека мора да успее. Кејт на социјалните мрежи раскажала дека баба ѝ додека била болна, постојано барала да јаде домашно подготвена супа од компири.

### Надеж за многумина

Џенева во моментов е една од најстарите Американки но и жени во светот што успешно се изборилe со оваа болест, која во светски рамки зазема сѐ поголем замав.

Меѓу другото, таа е и мајка на пет деца, има 11 внуци, 12 правнуци и три праправнуци. Во домот за стари лица каде што се разболела, била сместена поради тоа што пред неколку месеци претрпела мозочен удар. Од болницата каде што се лекува од коронавирусот, ќе биде пуштена следната недела.

### И стогодишници успеаја да ја победат болеста

Пред неколку денови иранските медиуми објавија дека 103-годишна жена од пошироката околија на Техеран исто така се излекувала од коронавирусот. Британските медиуми пишуваа за успешно излекувана брачна двојка од Хангжоу, Кина – кинески астроном на 98 години и неговата 85-годишна сопруга.

Едно од највозрасните излекувани лица во Кина, според италијанските медиуми, е и пензионираниот бискуп од Нанјанг – монсињор Жу, кој има 98 години.

**Девојката на Бонд.**

## Олга Куриленко закрепна од ковид - 19

• Поранешната девојка на Бонд, Олга Куриленко (40), објави дека целосно закрепнала од коронавирусот по две недели борба. Таа објави фотографија со своето дете, го честита „Денот на мајката“ и ја објави среќната вест.

„Јас целосно закрепнав. Да резимирам: една недела се чувствував навистина лошо и во најголем дел бев во кревет, спиев со висока температура и со силна главоболка. Втората недела температурата се спушти, но се појави блага кашлица и бев многу изморена. До крајот на втората недела, бев сосема добро“, напиша Олга.





Таа истакнала дека наутро сѐ уште кашла, но не и во текот на денот.

„Сега ќе уживам во ова време за да размислувам за многу работи и да го поминувам времето со мојот син“, напиша актерката.

Олга отишла да се тестира откако една недела не се чувствувала добро. Таа потоа се заклучила во својот дом кога пристигнале резултатите дека е позитивна на коронавирусот.

„Грижете се за себе и сфатете го ова сериозно“, напиша Олга тогаш на социјалните медиуми.

**Коронавирус.**

## Рита Ора продава маички за да донира пари

• Холивудските ѕвезди на различни начини се обидуваат да помогнат во спречување на ширењето на коронавирусот.

Ријана за борбата против коронавирусот донираше 5 милиони долари, актерката Гал Гадот ги поттикна славните заедно да запеат на Инстаграм, а Рита Ора одлучи да лансира колекција маички, од чија продажба сите пари ќе се донираат во здружението „Ковид-19 солидарити респонс“.

Доколку не сте слушнале, ја лансирав колекцијата #StopTheSpread и кампања во соработка со ООН и Светската здравствена организација! Сите пари собрани од оваа заработка ќе бидат донирани во „Ковид-19 солидарити респонс“. Доколку сакате да направите нешто во врска со вирусот, останете сигурни и чисти, па одиграјте ја вашата улога со купување на оваа колекција. Ние можеме заедно - изјави Рита.



Иако многу нејзини пријатели со воодушевување ја дочекаа оваа вест, имаше и такви што сметаа дека Рита едноставно можела да донира свои пари и истакнаа дека ова е навистина непромислен и непотребен потег на пејачката.